Dys online learning course

www.dyslexiacourses.eu

Ајнштајн
Здружение за дислексија

# ДИСЛЕКСИЈА:

## Основи, идентификација и поддршка

Д. Николовски , А. Каровска Ристовска
М. Филиповска

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА
ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ
ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Ко-финансирано од
Европска Унија

Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“ не можат да сносат одговорност за нив.

Д.Николовски; А.Каровска Ристовска; М.Филиповска

*Erasmus + KA2 2020-1-MK01-KA204-077788*

www.dyslexiacourses.eu

# Дислексија: Основи, идентификација и поддршка

**Скопје, 2023**

Ко-финансирано од Европска Унија

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот/ите и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“ не можат да сносат одговорност за нив.

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Публикацијата е изготвена во рамки на проектот „ Dyslexia online teaching courses“, финансиран од Европската Унија преку Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во рамки на програмата Еразмус+.

Проектот „Dyslexia online teaching courses “ се спроведува од Здружението за дислексија АЈНШТАЈН – Скопје како координатор на проектот во партнерство со Фондацијата Халгартен Фрачети – Вила Монтеска од Италија, Галилео проџети од Унгарија и Латвијската асоцијација за дислексија.

**Издавач:** Здружение за дислексија АЈНШТАЈН

**Автори:** Дамјан Николовски

Александра Каровска Ристовска

Маја Филиповска

**Уредник:** Ема Младеновска

**Лектура:** Денис Бојаров

**Ликовно-графичко уредување:** Дарја Николовска

**Донатор:** Европска унија

**Програма:** Еразмус +

**Тираж:** Бесплатен – некомерцијален тираж

# СОДРЖИНА


**Модул 1. Основи на дислексијата ........................................................................................... 5**

ЛЕКЦИЈА 1: Историја на дислексијата ........................................................................................ 5

ЛЕКЦИЈА 2: Дефинирање на дислексијата ................................................................................. 6

ЛЕКЦИЈА 3: Што претставува дислексијата? ............................................................................. 7

ЛЕКЦИЈА 4: Застапеност на дислексијата .................................................................................. 8

ЛЕКЦИЈА 5: Причини за појава на дислексија ......................................................................... 10

ЛЕКЦИЈА 6: Инструкции за читање .......................................................................................... 10

ЛЕКЦИЈА 7: Кога треба да се користи терминот „ дислексија“ ............................................... 13

ЛЕКЦИЈА 8: Факти за лицата со дислексија .............................................................................. 13

**Модул 2. Идентификација на дислексијата ............................................................................ 14**

ЛЕКЦИЈА 1: Профил на ученик со дислексија .......................................................................... 14

ЛЕКЦИЈА 3: Идентификација на дислексијата ......................................................................... 19

ЛЕКЦИЈА 4: Премин од одделенска во предметна настава .................................................... 24

**Модул 3. Техники и алатки за работа со учениците со дислексија ...................................... 25**

ЛЕКЦИЈА 1: Што не смееме да му ги кажеме на дете со дислексија ...................................... 25

ЛЕКЦИЈА 2: Генерални стратегии за поддршка на учениците со дислексија ........................ 26

ЛЕКЦИЈА 3: Работни стратегии за ученици со дислексија ....................................................... 30

ЛЕКЦИЈА 4: Модификации за наставата според Левин ........................................................... 34

ЛЕКЦИЈА 6: Техники за учениците што учат аудитивно ........................................................... 36

ЛЕКЦИЈА 7: Техники за учениците што учат визуелно и имаат тешкотии со пишувањето и текстовите ..................................................................................................................................... 37

ЛЕКЦИЈА 8: Техники за полесно читање .................................................................................. 37

**Модул 4. Психолошка слика на учениците со дислексија ...................................................... 39**

ЛЕКЦИЈА 1: Психолошка слика на учениците со дислексија ................................................... 39

ЛЕКЦИЈА 2: Што чувствуваат учениците со дислексија? .......................................................... 40

ЛЕКЦИЈА 3: Самодоверба ........................................................................................................... 43

ЛЕКЦИЈА 4: Унапредување на самодовербата ......................................................................... 45

**Анекс 1 – Тестови за проверка на знаењата ........................................................................... 48**

# Модул 1. Основи на дислексијата

## ЛЕКЦИЈА 1: Историја на дислексијата

Откривањето на дислексијата и развојот на третманите за нејзиното третирање започнува во доцниот 19 век. Низ самите први почетоци, во 1878 година германскиот невролог д-р Адолф Кусмаул подучувал човек кој не бил способен да чита. Човекот имал нормална интелигенција и имал адекватни образовни инструкции. Д-р Кусмаул го опишал неговиот проблем како слепило за читање.

Во 1887, германскиот офталмолог Рудолф Берлин бил првиот кој ваквата состојба ја опишал како "дислексија" што потекнува од грчките зборови dys (слаб, лош, непримерен) и lexis (јазик, збор). Оттогаш, па се до денес терминот дислексија е синоним за тешкотии во читањето.


Др. Рудолф Берлин

Во 1925 година американскиот невролог д-р. Семјуел Ортон ја предложил и првата теорија за тоа како настануваат тешкотиите при читањето. Како причина за ова тој ја нагласувал доминацијата на едната страна на мозокот. Стратегиите кој тој ги  развил за време на неговите истражувања денеска се уште се во употреба. Бројни форми на специфични тешкотии при учењето биле развиени во овој период, но вистински била препознаена во 1939 година кога д-р. Алфред Штрус и Хајнц Вернер ги публикувале нивните сознанија за деца со широк спектар на тешкотии во учењето. Нивната работа нагласува варијации на овој проблем и ја нагласува потребата од индивидуална проценка на образовните потреби за секое дете.

До средината на 20-от век, дислексијата била во надлежност на медицината, но после бројните истражувања, надлежноста за дислексијата се трансформира во образовната сфера. Од тогаш  почнале да се развиваат специфични едукативни стратегии и методи за подучување на децата со тешкотии во учењето.

## Лекција 2: Дефинирање на дислексијата

Дислексијата претставува потешкотија во читањето и пишувањето и покрај нормалната интелигенција, добриот вид и слух, адекватната мотивација, и соодветни едукативни и социоекономски услови. Всушност дислексијата е состојба при која постои голема разлика помеѓу веќе постоечкото ниво на читање и она кое што се очекува во однос на менталната возраст. Постојат многу дефиниции за тоа што значи дислексијата. И покрај недостатокот на консензус во врска со дефинициите за дислексијата, повеќето дефиниции се слични една на друга.

Ова поглавје од модул еден ги разгледува различните дефиниции кои постојат за состојбата дислексија. Низ самата разновидност на дефиниции воведени од различни истражувачи, формалните дефиниции за дислексијата се од страна на посебни групи со исти интереси како што се: *Британската асоцијација за дислексија*, *Светската федерација на невролзи*, Интернационалната асоцијација за дислексија и сл.

**Светската федерација на невролзи 1968 година**

“Дислексијата претставува нарушување од конституциско потекло, кое се карактеризира со тешкотии во учењето, читањето, пишувањето и покрај дадените адекватни образовни инструкции и присуство на нормална интелигенција и нормално социокултурно опкружување”

Во оваа дефиниција, важно обележје за тешкотиите во учењето е достигнатото ниво на читање, кое е на значително пониско ниво во однос на возраста на личноста. Оваа дефиниција во денешно време се смета за застарена со оглед на фактот дека е предложена во далечната 1968 година.

Дефиницијата на *Европското здружение за дислексија (EDA)* гласи: „Дислексијата е различност што го отежнува процесот на стекнување и користење на вештините за читање, учење и пишување.” Оваа различност има невролошко потекло. Когнитивните тешкотии, што се позадина на таа различност, може да влијаат и на организациските вештини, математичките способности и емоционалните способности на личноста. Може да се појави во комбинација со проблеми во фонолошка обработка, работната меморија, секвенците и автоматизација на основните вештини.

*Британското здружение за дислексија (BDA)*, истата ја дефинира како: „ Дислексијата претставува различност во учењето што првенствено влијае на вештините за читање и пишување.”

Во денешно време најсеопфатната и најчесто користена дефиниција е дефиницијата предложена од Интернационалното Здружение за Дислексија која гласи: „Дислексијата е специфична попреченост во учењето со невробиолошко потекло. Ја карактеризираат тешкотии со точноста и/или флуентноста со препознавањето на зборовите и тешкотии во спелувањето и способноста за декодирање. Овие тешкотии произлегуваат од дефицит во фонолошката компонента на јазикот. Овој дефицит е неочекуван кога ќе се земат предвид другите когнитивни способности и постоењето на ефективна инструкција во училницата. Секундарните последици може да вклучуваат проблеми во сфаќањето на прочитаното. Скратеното искуство во читањето може да го наруши богатењето на речникот и познавањето на поимите (IDA, 2002). Ова е многу важна дефиниција бидејќи ја дефинира најважната причина за дислексија – фонолошкиот дефицит, кој е изворот за тешкотијата кај лицата со дислексија. Оваа тешкотија е претставена со проблеми во поврзувањето на говорниот јазик (фонемите/гласовите) со печатените букви (графемите) и ја одделува дислексијата од другите тешкотии во читањето.

## ЛЕКЦИЈА 3: Што претставува дислексијата?

Зборот дислексија потекнува од грчкиот збор **”dys”** што значи тешкотија и ***“lexis”*** што значи јазик, или дислексија може да има значење “ тешкотии со зборови/јазик“. Дислексијата најдобро се опишува како комбинација од способности и тешкотии кои се однесуваат на процесот на учење во неколку области: читање, спелување, пишување и некогаш математиката. Брзината на процесирање, краткотрајната или работна меморија, смисолот за редослед, визуелната и аудитивната перцепција, говорниот јазик и моторичките вештини , честопати се вештини кои им недостасуваат на учениците со дислексија. Дислексијата не зависи од интелигенцијата, од социо-економските услови, ниту пак од начинот на подучување.

Причината за дислексија е слабост на мозокот на едно лице да ги испроцесира гласовите на еден јазик – да ги диференцира и да манипулира со нив, со што се јавува проблем да се разбере дека секој изговорен збор е составен од комбинација на гласови и тешкотија да се асоцираат букви со овие гласови. Дислексијата е состојба со невробиолошко потекло. Таа не е болест и не може медицински да се третира иако е наведена во медицинскиот прирачник (DSM) и иако многу земји инсистираат да биде дијагностицирана од медицински персонал. Дислексија може да се биде идентификувана само преку анализирањето на нивото на академски вештини на еден ученик – бројни компоненти на читањето и пишувањето (течност во читањето, разбирање на прочитаното, читање на зборови без смисла, спелување и друго) и фонолошки вештини (диференцијација, сегментација, блендирање на гласови).

Дислексијата не е предизвикана од лоши училиштата, не е предизвикана од лоша наставна практика ниту пак од несовесни родители или пак од тешки услови за живот во домашната

средина. Овие фактори може да ги направат работите потешки за дете со дислексија, но никако не може да предизвикаат детето да развие дислексија.

Дислексијата е различност во функционирањето на мозокот, и со неа детето се раѓа. Овој вид на дислексија се нарекува развојна дислексија. Најголемиот број случаи на дислексија е развојни дислексии додека стекнатата дислексија (која се јавува како резултат на оштетување на мозокот или болест) е релативно ретка (Hodge, 2000).

***Дислексијата не треба да се гледа како попреченост туку како различен стил на учење и различен начин на размислување. Востановениот образовен систем кој се применува во нашата држава не е соодветен за стилот на учење на учениците со дислексија. Токму затоа вие сте тие кои најмногу можете да им помогнете на учениците со дислексија полесно да го совладаат образовниот процес.***

Децата во својата најрана возраст интензивно се развиваат и се осознаваат себеси и опкружувањето на секој можен начин. Низ игра децата го истражуваат и го откриваат светот околу нив, развивајќи способности да комуницираат со возрасни и други деца. Во најраното детство, односно во предучилишната возраст од детето се очекува да има развиено комуникациски и социјални вештини, да има добра координација при одење, трчање и скокање како и да има развиени вештини да ракува со мали предмети и да фаќа дофрлен предмет со сигурност и контрола. Исто така , од дете во предучилишна возраст се очекува да препознава форми, облици, количини како и да има смисол за рима и ритам. Детето во предучилишна возраст е истражувач, љубопитно е за неговото опкружување, за светот околу него и очекувано е постојано да поставува прашања за се што не му е познато.

Во најраната возраст децата може да покажуваат интерес за најразлични нешта. Така на пример, некои деца сакаат да цртаат или да моделираат. Други пак се одлични при комуникација и имаат вокабулар својствен за понапредна возраст или пак покажуваат афинитети кон спорт или музика.

Со отпочнување на формалното образование, кога започнува процесот на описменување и стекнување на вештини за читање, пишување или математика, одреден број на деца се соочуваат со тешкотии при совладување на овие вештини и во подолг временски период. За децата кои имаат ваков вид на тешкотии велиме дека имаат ***"специфични тешкотии при учењето"***.

## ЛЕКЦИЈА 4: Застапеност на дислексијата

За дислексијата многу често се вели дека е скриен недостаток. Токму поради таа причина не може да се утврди точниот број на децата и возрасните што ја имаат оваа состојба. Тоа е така поради тоа што кај многу деца дислексијата е доцна откриена, голем дел од дислексичарите применуваат многу добри стратегии за прикривање на своите недостатоци, што процесот на откривање на дислексијата кај нив го прави уште потежок. Постојат држави и општества каде што дислексијата е сè уште непозната состојба, и во едно такво опкружување на неинформираност, може да се каже дека дислексијата воопшто не е застапена, иако тоа не е така. Британското здружение за дислексија проценува дека во западниот свет дислексијата е застапена кај околу 10% до 15% од населението.

Во Обединетото Кралство е спроведено истражување дека само 57% од студентите со дислексија што се запишале на факултет биле свесни дека имаат дислексија. Во Босна и Херцеговина е

направено истражување за застапеност на дислексија помеѓу студентите и е докажано дека 4% од студентите имаат дислексија. Тука треба да се земе предвид дека и во Босна и Херцеговина нивото на информираност за дислексијата е на многу ниско ниво, и голем дел од средношколците што имаат дислексија, не го продолжуваат своето образование

Здружението АЈНШТАЈН спроведе неофицијално истражување за застапеноста на знаците на дислексија помеѓу средношколците од 2017 до 2018 година. Истражувањето беше спроведено на примерок од 2700 средношколци од прва година гимназиско и средно стручно образование. Истражувањето се спроведуваше во 16 средни училишта од територијата на целата држава, односно по две средни училишта од плански регион. По анализирањето на добиените податоци се покажа дека 12,2% од испитаните ученици покажуваат знаци на дислексија, со што се доби значителна статистичка разлика помеѓу училиштата каде што има гимназиско и стручно образование, како и помеѓу училиштата каде што учат ученици Македонци и ученици Албанци.

Целосната анализа од истражувањето можете да ја погледнете тука

**Табела 2. Присуство на знаците на дислексија кај учениците изразено преку фреквенции и проценти во различни фредни училишта во Република Македонија**

| Градови | Училишта | Вкупно ученици | Не покажуваат знаци на дислексија | % | Покажуваат знаци на умерена дислексија | % | Покажуваат знаци на изразена дислексија | % | Вкупна застапеност на дислексијата | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | СУГС "Никола Карев " | 259 | 236 | 91,1% | 18 | 7% | 5 | 1.9% | 23 | **8,9%** |
| | СУГС "Зеф Љуш Марку" | 298 | 259 | 87% | 31 | 10.4% | 8 | 2.6% | 39 | **13%** |
| Тетово | ССОУ "Моша Пијаде" | 146 | 116 | 79,5% | 24 | 16,4% | 6 | 4.1% | 30 | **20,5%** |
| Гостивар | СЕОУ "Гостивар" | 62 | 54 | 87% | 6 | 9.7% | 2 | 3.3% | 8 | **12.9%** |
| Кочани | СОУ "Љупчо Сантов" | 132 | 122 | 92,5% | 8 | 6% | 2 | 1.5% | 10 | **7.5%** |
| Штип | СОУ "Славчо Стојменски" | 80 | 71 | 88.7% | 8 | 10% | 1 | 1.3% | 9 | **11.3%** |
| Велес | ОСУ "Јовче Теличков" | 64 | 55 | 86% | 7 | 10.9% | 2 | 3.1% | 9 | **14%** |
| Кавадарци | СОУ "Добри Даскалов" | 147 | 134 | 91.2% | 11 | 7.4% | 2 | 1.4% | 13 | **8.8%** |
| Прилеп | СОЕПТУ "Кузман Јосифовски Питу" | 83 | 67 | 80,7% | 14 | 16.9% | 2 | 2.4% | 16 | **19,3%** |
| Битола | СОУ "Јосип Броз Тито" | 186 | 171 | 92% | 12 | 6.4% | 3 | 1,6% | 15 | **8%** |
| Крива Паланка | СОУ "Ѓорче Петров" | 88 | 73 | 83% | 12 | 13.6% | 3 | 3.4% | 15 | **17%** |
| Куманово | ОСТУ "Наце Буѓони" | 211 | 180 | 85.3% | 26 | 12,3% | 5 | 2.4% | 31 | **14.6%** |
| Охрид | ОСУ "Св. Климент Охридски" | 205 | 184 | 89.8% | 19 | 9.2% | 2 | 1% | 21 | **10.2%** |
| Струга | СОУ "Д-р. Ибрахим Темо" | 185 | 162 | 87.6% | 20 | 10.8% | 3 | 1.6% | 23 | **12.4%** |
| Гевгелија | СОУ "Јосиф Јосифовски" | 182 | 160 | 88% | 19 | 10.4% | 3 | 1.6% | 22 | **12%** |
| **Вкупно** | | **2328** | **2044** | **87.8%** | **235** | **10.1%** | **49** | **2.1%** | **284** | **12.2%** |

## ЛЕКЦИЈА 5: Причини за појава на дислексија

Низ раната историја на дислексијата имало малку емпириски истражувања за нејзините причини. Постоеле многу теоретизирања и дебати, но без никакви научни студии за проблемот. Повеќето истражувања за дислексијата денес се многу различни. Се користат се повеќе емпириски методи и софистицирани статистички техники. Во овој модул ќе бидат резимирани сите значајни причини за појава на дислексијата.

Најголем дел од емпириските истражувања за причините за дислексија се фокусирани на поврзаноста помеѓу фонолошката обработка на зборови како и разликите во структурите на мозокот кај лице кое има дислексија и лице кое нема.

Дислексијата веќе подолго време оддаваше претстава дека генетски се формира во семејствата и секогаш постоеле сомневања дека може да биде наследна, иако за тоа немало никогаш научни докази се до неодамна. Иако поседувањето на гени кои ја прават дислексијата поверојатна, не мора да значи дека децата со ваков ген автоматски ќе развијат дислексија. Идентификувањето на одреден ген не гарантира дека генот кој што се испитува нужно ќе биде активно одговорен за одреден стил на однесување. Факторите на животната средина исто така играат улога. Однесувањето не е функција само на она што сме го наследиле или пак на околината. Однесувањето е секогаш производ и од двата фактори. Како и да е, истражувањата за гени по потекло на дислексија се убедливи и укажуваат на тоа дека детето со идентификуваниот ген кој е насочен кон дислексија е со поголема веројатност да ја има таа состојба. Односно доколку имате дислексија, големи се шансите и вашето дете да има дислексија.

## ЛЕКЦИЈА 6: Инструкции за читање

Ние сме навистина среќни што во денешно време постои многу добро сфаќање за тоа како треба едно лице да се подучува на читање. Ова произлегува од големиот број истражувања кои се спроведени за алфабетски јазици како италијански, англиски, норвешки, шведски и многу други јазици кои се засновани на кореспонденцијата буква-глас.

Алфабетски јазици се оние кои користат симболи наречени букви како репрезенти на гласовите на јазикот. Ако еден ученик го разбира јазикот, тој/таа може да научи да чита преку учење на овие врски (специфични за секој јазик) меѓу буквите и гласовите.

Во едно истражување спроведено од Tunmer и Hoover во 1992 година, е покажано како се совладува читањето и кои специфични когнитивни вештини се вклучени во читањето. Денес ние разбираме дека иако когнитивните вештини и физичките способности (како меморијата, ориентацијата, движењето на очите) се есенцијални за читањето, подобрувањето само на овие вештини само по себе не овозможува подобрување на читањето. Во таа насока, многу е важно да се напомене дека учениците се описменуваат преку подучување на читање и пишување.

Извештај од Националниот одбор за описменување на САД од 2000 година (NICHD, 2020)

Започнувајќи во 1997 година, повеќе од 100 000 истражувања се собрани и евалуирани од американскиот владин одбор, именуван од Националниот институт за здравје на децата и наречен Национален одбор за описменување (НОП). Овој одбор работел три години со цел да ги евалуира

сите релевантни, најсоодветни и важни истражувања во врска со што е тоа добра инструкција за читање.

Најважниот заклучок на НОП во нивниот извештај од 2000 година е дека единствениот ефективен пристап за читање е директна експлицитна инструкција – односно читање кое е засновано на фонологијата и кое вклучува 5 компоненти од процесот на читање и читање кое е креирано според потребите на детето. За нас е многу важно да сфатиме дека крајната цел на учењето на читањето на текст е да се разбере (во јазична смисла) текстот, што најчесто се нарекува сфаќање на прочитаното. Кога на разбирањето на прочитаното ќе ја додадеме способноста за точно декодирање, ја добиваме флуентноста во читањето.

## 5 компоненти на доброто читање

По евалуирањето на сите истражувања во врска со читањето и по процената на сите различни идеи во однос на процесот на читање, НОП одлучува дека главните компоненти на процесот на читање се:

1. Фонемска свесност – ова е процесот во кој читателот разбира дека зборовите се составени од одделни звуци и лицето има способност да манипулира и да ги разликува овие гласови. Оваа способност е основата на алфабетскиот пристап – принципот кој му овозможува на читателот да сфати дека секој глас е претставен од една или повеќе букви.
2. Фоничност – е способноста секој глас од јазикот да се претстави со буква или повеќе букви. Детето треба да сфати дека одделните гласови се комбинираат со цел да се создадат зборови. Лицето кое може да го направи ова, ќе можа гласно да прочита напишани зборови кои никогаш претходно не ги видел или слушнал.
3. Флуентност – способност за точно и брзо декодирање на текст.
4. Вокабулар – зборови кои луѓето треба да ги знаат за да можат да комуницираат и читаат. Вокабуларот се состои од два делови – орален и читачки. Вокабуларот е особено важен за разбирање на прочитаното – без познавање на зборовите од јазикот, невозможно е да се разбере прочитаното.
5. Разбирањето е причината поради која во суштина ние читаме. Бидејќи без разбирање на прочитаното, декодирањето на зборовите претставува само еден бескорисен процес.

Според сознанијата на Националниот одбор за описменување (НОО), една добра програма за читање треба да ги содржи следните компоненти:

- Експлицитна инструкција за фонемска свесност;
- Системска фонична инструкција;
- Методи за подобрување на флуентност;
- Начини за подобрување на разбирањето;
- Усно читање со водење и
- Техники за градење на вокабулар.

Со секоја ефективна програма за читање треба експлицитно да се научат петте компоненти на читањето и во неа да бидат вградени шесте видови на инструкција. Доколку некоја од овие компоненти недостасува, тогаш и самата програма нема да биде толку успешна.

## Процена – Како ученикот се снаоѓа со читањето?

Дури и кога овие компоненти се присутни, важно е често да се проценува нивото на читање на секој ученик во пониските одделенија. Не е доволно учениците да бидат формално тестирани еднаш или два пати годишно. Процената треба да биде честа, базирана на норми и да се следат резултатите кои ученикот ги постигнува.

Процената може да биде многу едноставна како што е слушање на ученикот додека чита, фаќање белешки за грешките и колку зборови во минута успева да прочита точно. Овие резултати треба да бидат споредени со другите од одделението. Доколку резултатот е значително понизок од просечниот за одделението, наставникот треба да ги информира родителите на ученикот и стручната служба, со цел да се најдат начини за поинтензивно поучување на читањето.

Во добро развиените образовни системи каде веднаш се обезбедува ремедијација во читањето за учениците кои читаат значително под нивото соодветно за возраста/одделението, интервенцијата треба да се одвива преку курс од 4 недели, 4 пати неделно, по 40 минути дневно. Учениците кај кои нема да има подобрување во читањето по завршувањето на интервенцијата, курсот се повторува за уште 4 недели.

За дислексија/тешкотија во читање може да се зборува ако нивото на читање на ученикот е 1,5 стандардна девијација под нивото соодветно за возраста/одделението или 2 одделенија под неговата возраст. Во земји кои немаат национални норми за читање, училиштата/наставниците можат да креираат свои, кои ќе укажуваат на некаков тренд. Можеби нема да бидат национално најсоодветни, но сепак ќе бидат доволно индикативни за постоење на тешкотии во читањето.

## Начини да се надомести лошото читање и пишување

Другиот дел од доброто образование, покрај ремедијацијата во читањето за учениците со дислексија, е навременото прилагодување или компензација како што ја нарекуваат скандинавските земји, кои од друга страна се најдобар пример како учениците со дислексија можат да постигнат училишен успех.

Подолу има неколку дијаграми за асистивна технологија (АТ) која се користи во училиштата во Шведска и Данска за секој ученик со дислексија.

Важно е да се напомене дека целата технологија (и софтверска и хардверска) е обезбедена од државата, без дополнителни трошоци за родителите на учениците. Технологијата ја доделува државен орган, а не локална/општинска управа. Сите ученици ги добиваат овие уреди и услуги (заедно со обука за користење) во рок од еден месец по дијагностицирањето на дислексијата.

И двете држави имаат дигитални тестови за испити, што значи дека учениците со дислексија можат да ги употребуваат истите асистивни технологии за полагање што ги користеле и за време на наставата.

## ЛЕКЦИЈА 7: Кога треба да се користи терминот „ дислексија“

**Важно е да се нагласи дека дислексијата не претставува болест** и во никој случај не треба да се зборува за дислексијата како „дијагноза“ што претставува медицински термин. Кога се зборува за состојбите со отежнато читање и пишување треба да се зборува за идентификација или препознавање  на дислексија како тешкотија.

Родителите, класните раководители како и училишните психолози, педагози  специјалните едукатори  треба  да работат и да разговараат со ученикот во врска со одлучувањето дали терминот дислексија треба или не треба да се користи, откако е препознаена дислексијата кај ученикот. Во секој случај треба да се земат во предвид индивидуалните и општествените  околности при донесување на ваква одлука. Важно е за ова прашање да се разговара со родителите и со детето за да се утврдат дали и кога сакаат да се користи овој термин.

Голем број на деца кои имаат проблеми со читањето и пишувањето, често се етикетирани како глупави, мрзливи, а во некои случаи и како ретардирани. Со оглед на фактот дека учениците со дислексија се со просечна и најчесто со натпросечна интелигенција, разбирливо е дека ќе доживуваат фрустрации и лоша слика за себе, што понатаму може да се рефлектира и во начинот на однесувањето. Досегашните искуства покажуваат дека учениците ја претпочитаат етикетата дислексија наспроти другите навреди кои ги добиваат од соучениците, наставниците и родителите. Веројатно, сознанието дека имаат дислексија ги спречува овие ученици да се обвинуваат себеси за одреден неуспех во училиште и да имаат позитивен пристап кон проблемите.

Сепак, именувањето на еден ученик како ученик со дислексија има и одредени ризици, особено во услови на недоволни познавања на состојбата од страна на наставниците, недоволно развиената свест,  неинформираност за дислексијата кај учениците и родителите. Едукацијата на наставниците, психолозите, педагозите и специјалните едукатори е круцијален фактор за решавање на овој проблем и за подобрување на условите за образование на децата со дислексија.

**Важно да се запомне!**

**Одлуката дали во своето одделение/училиште ќе соопштите дека ученикот има дислексија е нешто што морате да го направите во консултација со родителот и самиот ученик.**

## ЛЕКЦИЈА 8: Факти за лицата со дислексија

Во продолжение следат некои важни факти за дислексијата (Demonet, Taylor, & Chaix, 2004; Reid, 2003; Vellutino, Fletcher, Snowling, & Scanlon, 2004).

- Дислексија е вродена.
- Дислексијата е доживотна состојба.
- Дислексијата е генетско нарушување – наследна е.
- Проблемите кои ги предизвикува може да бидат намалени или да се модерираат преку континуирана работа и соодветна ремедијација и интервенција во читањето која што најчесто трае додека трае образованието. Не постои лек за дислексија.
- Дислексијата е поврзана со јазични вештини и вербални способности – некои лица со дислексија може да имаат проблеми во овие области.

- Статистиката покажува дека околу 5-10% од популацијата имаат дислексија.
- Се верува дека момчињата имаат почесто дислексија во однос на девојчињата.

На крајот од првиот модул ќе направиме резиме и ќе изнесеме неколку факти и интересни податоци за дислексија. Со оваа последна лекција се надеваме дека ќе успееме да ви дадеме уште појасна слика за дислексијата како најчестата состојба која предизвикува потешкотии во учењето.

Дислексијата е состојба при која мозокот различно ги процесира пишаниот или говорениот јазик и создава потешкотии во читањето, пишувањето и генерално во учењето со која се соочува 10 до 15% од светското население.

Дислексијата не е болест и не претставува медицински проблем, туку образовен.

Дислексијата не треба да се гледа како попреченост туку како различен стил на учење и различен начин на размислување. Востановениот образовен систем кој се применува во нашата држава не е соодветен за стилот на учење на учениците со дислексија.

Многу познати личности во светот се соочувале со дислексија, зборуваат јавно за тоа и веруваат дека токму дислексијата е причина за нивниот успех. Кои се познати и успешни луѓе се соочуваат со дислексија можете да погледнете на видеото подолу.

***На крај запомнете дека токму вие кои работите со учениците со дислексија сте тие кои најмногу можете да присонесете за здрав и успешен развој на учениците со дислексија и потешкотии во учењето! Можеби токму вие ќе бидете причината за појавата на следниот Алберт Ајнштајн, Стив Џобс или пак Пабло Пикасо!***

# Модул 2. Идентификација на дислексијата

## ЛЕКЦИЈА 1: Профил на ученик со дислексија

Идентификувањето на ученик со дислексија може изгледа комплицирано, но во суштина не е. Иако често се вели дека дислексијата е скриен проблем, ако внимателно се следат училишните постигнувања на ученикот, дислексијата многу лесно ќе се детектира. Ова првенствено се должи на фактот што децата во тој период почнуваат интензивно да создаваат одбранбени стратегии за кои ќе зборуваме понатаму, преку кои многу вешто успеваат да ги прикријат тешкотиите предизвикани од дислексијата. Ова е една од главните причини поради кои наставниците од пониските одделенија на основното образование ја претставуваат главната алка во идентификацијата на учениците со дислексија. Сепак, не треба да се обесхрабрувате доколку сте предметен наставник, ако детално ги проучувате тешкотиите со кои се соочуваат учениците со дислексија, сигурно ќе можете да ги препознаете овие ученици и да им понудите соодветна поддршка.

За да може лесно да се идентификуваат учениците со дислексија, мора да се познаваат тешкотиите со кои тие се соочуваат. За таа цел, неопходно е да се препознаат знаците кои укажуваат на оваа состојба. Знаците за препознавање можат да се поделат во неколку категории: читање, пишување, броеви и математички концепти, говор и јазик, просторна и временска ориентација, моторни вештини, обработка на податоци и однесување на ученикот (Snowling, 2013).

За да се посомневаме дека еден ученик има дислексија, ученикот мора да покажува поголем број од овие знаци во подолг временски период. Доколку ученикот покажува некои од знаците кои ќе бидат прикажани во следните лекции, не значи дека ученикот со сигурност има дислексија. Затоа, идентификацијата на ученикот со дислексија претставува процес кој трае неколку месеци, во кои ученикот интензивно се следи.

Neil MacKay (2005) – Креаторот на концептот за “Dyslexia friendly school” ја опишува дислексијата како разлика во учењето која може да предизвика тешкотии при стекнувањето одредени вештини. Бидејќи дислексијата претставува континиум, не сите ученици со дислексија ќе се соочуваат исти тешкотии при учењето ниту пак исто ќе се однесуваат. Учениците со дислексија имаат силни страни или тешкотии во различни домени, во помала или поголема мера. Ова зависи од видот и степенот на дислексијата, од возраста на ученикот и од видот на образовна поддршка што ја добиваат. Многу е важно да се нагласи дека често тешкотиите кои ги имаат учениците со дислексија се избалансирани со одредени предности карактеристични за нив (McGregor, 2007; Neil MacKay, 2005) како што се:




### *Проблеми при читање*

Ученик со дислексија може да има тешкотии во сите или некои од следните области. Многу од наведените тешкотиите можат да се јават кај децата до 8 годишна возраст што не значи дека детето има дислексија.

Загриженоста во врска со дислексијата треба да се појави само ако таквите тешкотии продолжат и покрај дополнителна поддршка, и / или кога тие се комбинирани со голем број други тешкотии од наведените подолу:

- Тешкотии со дешифрирање на пишани зборови
- Бавно читање кое нема флуентност
- Го губи местото при читање или користи прст / маркер за да го одржи местото
- Тешкотии со разбирање на прочитаното
- Има тешкотии во изборот на најважните точки од пасус
- Невообичаен изговор на зборови кога чита гласно
- Монотоно читање без примена на интерпукција
- Чита зборови во погрешен редослед
- Прескокнува или повторува зборови или редови
- Заменува или додава слогови
- Се збунува од слични зборови (на пример, до / од, на / па, лов /лев)
- Тешкотија да го забележи растојание меѓу зборовите во текст
- Слаба фонетска свесност (на пример, тешкотии при делењето на зборовите на слогови или поединечни гласови)
- Додава членови на зборовите кога тие не се членувани ( на пример “врата“ може да го прочита “ вратата“
- Тешкотии за да направи разлика помеѓу визуелно слични букви- често ги меша ( к-ќ , њ-љ, п-н, м- и, а-е, Ш-Е, Џ-Ц ) аритметички симболи ( + - x ) и броеви (6-9, 7-4, 6-5, 2-5)

## *Проблеми при пишување*

При процесот на пишување најчесто се појавуваат следните знаци:

- Неопределена доминација на рацете
- Неправилно држење на молив
- Неправилно држење на телото и положбата на хартијата
- Тешкотии при формирање на буквите
- Неуредно и неразбирливо пишување
- Ги заменува визуелно сличните букви ( е/а, џ/ц, п/г, љ/њ, ж/ш)
- Ги превртува зборовите ( тепих/петих, шпагети/пашгети, од/до)
- Лошо и непостојано растојание меѓу буквите ,зборови и редовите
- Тешко се задржува на линијата за пишување
- Тенденција за мешање на големи и мали букви
- Збунетост со едноставна интерпункција
- Тешкотии со пишување на слушнати зборови ( диктат)
- Тешкотии при препишување од книга или табла ( го губат редот)
- Бавно пишуваат
- Писмените работи не ги изразуваат реално оралните вештини
- Тешко фаќаат прибелешки
- Додаваат или испуштаат букви при пишување
- Тешко им е да состават приказна по логичен редослед во писмен состав.

## *Проблеми со броеви и математички концепти*

### Броеви:

- Тешко памти редослед на броеви.

- Тешко го поврзува значењето на бројот со симболот за број
- Проблеми со учење на математички факти
- Превртување на броевите ( 639/693)
- Лошо формирање на броевите при пишување
- Има тешкотии со разбирање на текстуални задачи
- Може да разбере посложени математички концепти, а да има проблем со обични математички факти, собирање и одземање

### *Проблеми со јазикот и говорот*

**Говор и јазик:**

- Проблеми со фонолошка свесност (тешкотии со рима и ритам,тешкотии со делење на зборот на слогови и гласови )
- Може да има одложен развој на говор
- Говорни нерегуларности
- Мешање на слични букви по звучност  во говорот (на пр. т / д, ж/ш, љ/њ, ќ/ѓ)
- Лоша артикулација
- Збунувачка структура на речениците
- Проблеми во наоѓањето на вистинските зборови , (овој проблем честопати продолжува и во подоцнежните фази на развојот)
- Монотонијата на гласот
- Изразувањето на идеи, чувства и мисли може да биде дезорганизирано и лошо секвенционирано
- Неможност да се следат вербалните упатства, особено низата инструкции
- Тешкотија при изучување на странски јазик

### *Проблеми при ориентација и моторни вештини*

**Просторна ориентација и време:**

- Лошо чувство на насока (на пример, конфузија на лево и десно, проблеми со ставање на чевелот на соодветната нога – на помала возраст)
- Лоша просторна ориентација
- Тешкотии со ориентација во времето (на пример, тешкотии да научат да го кажат времето, лошо организирање на времето, немање чувство колку време е потребно за одредена активност)

***Моторни вештини:***

- Лошата координација која резултира со очигледна несмасност
- Тешкотии со самостојно облекување , фаќање, удирање и фрлање на топка (овие знаци се карактеристични кога е присутна и диспраксија)
- Има тешкотија да врзува врвци на патики,да закопчува копче или патент
- Неправилно држење на моливот

## *Проблеми со меморирање и однесување*

***Меморија:***

- Може да памти сосема солидно додека не наиде на збунувачки стимул ( буква, збор, врева, број)
- Има тешкотии да се запомни низа од броеви, букви или упатства
- Проблеми со меморирање на азбука, денови во неделата, месеци во годината и таблица за множење
- Слаба меморија за табели / формули
- Тенденција да се заборават имињата на луѓе или предмети
- Заборава што сакал/а да каже додека некој друг зборува
- Се збунува во средината на реченицата додека зборува – заборава што сака да каже
- Лоша работна-краткотрајна меморија ( честопати при силна концентрација да го прочита правилно зборот, заборава што прочитал)

***Однесување:***

- Ниска мотивација за учење
- Често се исклучува, изгледа дека не слуша и дека не ја следи наставата
- Изгледа расеано
- Има ниска самодоверба
- Фрустрација поради сопствениот недостаток на добри резултати
- Може да биде "одделенски кловн" или да е екстремно повлечен
- Брзо се заморува поради обемот на потребна концентрација и напор

## *Проблеми при обработка на податоци*

***Обработка на податоци:***

- Слаба концентрација / краток распон на внимание
- Брзо губи интерес за примање на информации
- Слабо одредува приоритети и не е вешт во организирање на работа
- Бавно ги завршува зададените задачи
- Има тешкотии со секвенционирање (на пример редослед на букви, зборови, приказни, датуми, идеи, настани или следење на низа на инструкции)
- Променливост на способностите – она што го покажуваат како знаење денес не значи дека истото ќе се случи и следниот ден. Променливоста може да биде од ден на ден или и од час на час.
- Не е во состојба да ги разбере посложените поставени прашања
- Обработката на говорен и / или писмен јазик е бавна

## Одбрамбени стратегии

Се вели дека нема двајца дислексичари со ист вид на тешкотии. Ова значи дека знаците кои ги покажува еден ученик можат да бидат различни комбинации од претходно наведените показатели. Учениците кои се соочуваат со дислексија, а кај кои истата не е препознаена, некаде после шесто

одделение стануваат свесни дека се разликуваат од своите соученици, забележуваат дека и покрај вложениот напор не постигнуваат добар успех , бидуваат исмевани за грешките кои ги прават при читање и пишување и честопати се обвинувани од наставниците и родителите дека не се трудат доволно. Поради ваквите околности во кои се наоѓаат, а со цел да ги избегнат навредливите етикети , тие почнуваат да градат широк спектар на стратегии за прикривање на недостатоците. ***Најчести одбрамбени механизми кои ги доживуваат како "спас" во ситуации каде постои можност да прават грешки се:***

- Симулирање на болест ( главоболка, болки во стомкот и сл.)
- Бегање од часови
- Непримерно однесување заради одвлекување на вниманието на наставникот и соучениците во, за нив " безбедна зона".
- Учење напамет, без разбирање
- Заземаат став пред соучениците дека други работи се поважни од образованието
- Предаваат празни писмени работи
- Одбиваат да одговараат на прашања на наставникот иако го научиле градивото, ја наведнуваат главата и молчат
- Изнаоѓаат различни изговори за да не одат на училиште
- Често се снаоѓаат за друг да ја сработи нивната задача, другари, брат,сестра или родители
- Често остваруваат другарства со деца пред кои немора да читаат или пишуваат

Ваквите одбрамбени стратегии кои ги применуваат учениците го отежнуваат препознавањето на дислексијата како можна причина за слаб успех во училиште.

## ЛЕКЦИЈА 3: Идентификација на дислексијата

Во развиените земји каде што дислексијата е позната повеќе од 30 години има разработени системи за идентификација на дислексијата. Во нашата држава нема воспоставено стандардизирани процедури за идентификација на дислексијата и другите специфични тешкотии во учењето како што се дисграфија , дискалкулија, диспраксија или АДХД. Согласно истражувањата направени во изминатиов период, утврдено е дека повеќе од 12% од учениците можеби се соочуваат со дислексија поради што постигнуваат послаби резултати во текот на образованието. Затоа е неопходно наставниците, психолозите, педагозите и специјалните едукатори да се едуцираат и да ги прошируваат знаењата во оваа област за да можат навреме да ја препознаат дислексијата кај учениците, а потоа да им овозможат и соодветна поддршка.

### *Зошто е важно да се идентификува дислексијата*

- ***За да се дефинираат потребите на ученикот***
- ***За да се организира соодветна интервенција***
- ***За да се превенира губењето на самодовербата***
- ***За да се направи разлика меѓу потребите за различен стил на учење***
- ***За да се подобри општиот успех во одделението***

Идентификување и оценувањето на дислексијата е тековен процес на собирање информации во текот на одреден временски период. Ова бара заеднички пристап и споделување на професионални знаења меѓу училишниот персонал, со цел ефикасно да се задоволат образовните потребите на учениците и да се промовираат техники за успешното учење.

Неформалното идентификување на дислексијата кај учениците кои имаат тешкотии со учењето, особено при читање и пишување треба да се спроведе во самите училишта. Познавајќи ја природата на дислексијата како пречка при учење и познавајќи го профилот на учениците со дислексија, наставниците и стручниот кадар (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) во училиштето лесно ќе можат да ги препознаат областите во кои учениците наидуваат на пречки и притоа да им овозможат соодветна поддршка, согласно нивните потреби.

## Чекори за идентификација на дислексијата

Во претходната лекција детално ги опишавме сите тешкотии/проблеми со кои се соочуваат учениците со дислексија. Од кога ќе ги забележиме тешкотиите кај учениците потребно е да пристапиме кон неформално идентификување на дислексијата, за кое е потребно е да се изгради систематски пристап кој ви го презентираме во следните 6 чекори:

**1. Набљудување и евиденција**

**2. Интервју со ученикот**

**3. Примена на генерални стратегии**

**4. Информирање на родителите**

**5. Вклучување на специјалниот едукатор и рехабилитатор како дополнителна поддршка**

**6. Помош надвор од училиштето**

### Чекор 1. Набљудување и евиденција

Вообичаено, наставниците се први кои идентификуваат дали ученикот има потешкотии, иако понекогаш тоа може да биде родителот/старателот кој прв изразува загриженост. Наставникот е првата карика при препознавањето на тешкотиите кај учениците кои неочекувано покажуваат знаци на отежнато читање и /или пишување. Во текот на секојдневните часови наставникот треба да го набљудува ученикот и да води евиденција за:

- Различно ниво на способности во различни области
- Разлики меѓу знаењето кое ученикот го покажува при усна и писмена проверка на знаењето
- Брзина и точност на одговорите при вербалните инструкции
- Точност при читањето
- Колку е течно читањето
- Брзината на читање
- Разбирање на прочитаното
- Обрасци на однесување

***За лесно водење на евиденција за еден ученик, наставникот може да го користи формуларот за  проценка која даден како дополнителен прилог (Анекс 1) кој можете да го преземете со кликање [ТУКА.](). Формуларот е во *PDF формат и истиот можете да го отпечатите за да го корстите при проценката на тешкотиите кај учениците.***

Секако дека наставниците и стручните служби може да креираат сопствени формулари за проверка по примерот на приложениот формулар, кои би дале доволно информации поврзани со знаците на дислексијата. **Многу е важно податоците во формуларот да овозможат добивање на јасна слика за видот на тешкотиите со кои се соочуваат учениците и кои треба да бидат предмет на набљудување во наредниот период.**

Пополнувањето на формуларот на почетокот од учебната година (период на  први проверки на знаењата на ученикот) ќе овозможи да се добие една општа слика за слабите и силни страни на ученикот, и за областите во кои треба да му се посвети на ученикот повеќе внимание и поддршка.  Забележаните податоци ќе помогнат за креирање на  соодветните техники на подучување.

Доколку наставникот забележи голем дел од знаците кои се погоре наведени, од голема корист е да направи интервју со ученикот со цел да добие повеќе информации, кои исто така треба да бидат забележани  во формуларот за проверка.

Во следниот дел ќе го објасниме вториот чекор односно подготовката на интевју со ученикот.

## Чекор 2. Интервју со ученикот

Од разговор со ученикот можете да дознаете многу за него. Затоа одвојте време и разговарајте со ученикот во тивка атмосфера надвор од погледите на соучениците. Со поставување на прашања ќе дознаете што е за него лесно а што тешко и кои стратегии ги применува за учење . Пристапете му на ученикот пријателски за да ја почувствува вашата волја дека сакате да му помогнете.

Еве некои прашања што можете да му ги поставите:

- *Кога читаш , што се случува со зборовите на страницата?*
- *Дали брзо се заморуваш кога читаш или пишуваш? Дали ти се заматуваат буквите? Или можеби мрдаат?*
- *Дали понекогаш те боли главата или стомакот кога читаш?*
- *Како се чувствуваш кога треба да прочиташ нешто на глас?*
- *Што е лесно а што е тешко кога пишуваш?*
- *Како ги препишуваш зборовите од табла? Дали го гледаш целиот збор и го пишуваш или ја гледаш секоја буква посебно?*
- *Дали го губиш редот кога пишуваш или читаш?*
- *Како се чувствуваш кога ќе ти дадам неколку задачи одеднаш, на пример : да ја отвориш читанката на одредена страница и да прочиташ некој дел од текстот?*
- *Дали ти е тешко да запомниш што ви задавам за домашна задача?*
- *Дали ти пречи кога има врева во одделението?*

***Треба да бидете внимателни и прашањата да ги поставувате преку разговорот со ученикот, за да не се почувствува дека го тестирате или го испрашувате. На овој начин воспоставувате пријателска комуникација со ученикот. Забележете ги одговорите на ученикот.***

## Чекор 3 - Примена на генерални стратегии

Со примена на генералните стратегии, а за да се добијат јасни сознанија за напредокот на ученикот потребно е забележување на состојбата во формуларот за проверка при крајот на првото полугодие или после неколку месеци од наставата. Споредувајќи ги резултатите со почетната состојба , јасно може да се согледа дали тешкотиите се упорни и покрај примена на генералните стратегии за поддршка  дополнителен прилог Анекс.3 Генерални стратегии.

Овие стратегии вообичаено даваат добри резултати. Кај учениците кои имаат послабо изразена дислексија , овие стратегии ќе бидат доволни за тешкотиите да се надминат во првите неколку години од образованието.

Доколку постои загриженост дека и покрај имплементирање на генералните стратегии за поддршка, нема напредок во совладување на тешкотиите и по неколку месеци, потребно е да се определи план за понатамошна поддршка на ученикот.

Генералните стратегии за поддршка се детално објаснети ***во Модулот број 3 ЛЕКЦИЈА 2: Генерални стратегии за поддршка на учениците со дислексија***

## *Чекор 4 – Информирање на родителите*

Во оваа фаза од неформалната проценка треба да бидат вклучени и родителите/ старателите на уленикот.

Повеќето родители се среќни кога разговараат за нивните деца. Понекогаш се свесни за одредени тешкотии со кои се сретнува детето, но не секогаш и не сите родители. Родителите знаат да бидат осетливи кога ќе бидат повикани во училиште заради одредени тешкотии во учењето на нивното дете.

Начинот на кој ќе им се пристапи на родителите при соопштувањето на сознанијата за нивното дете во однос на тешкотиите со кои се соочува, треба  да биде внимателно анализиран со цел да се намали ризикот од непријатни ситуации и стрес кај родителите заради информациите кои ги примиле. Треба да се има во предвид дека повеќето родители не се информирани за дислексијата. Најдобри ефекти се постигнуваат ако со родителите разговараат наставникот/класниот раководител, училишниот психолог, педагог или специјален едукатор, настапувајќи како тим кој е загрижен за тешкотиите на ученикот и кој има искрена желба да  помогне.  Првата средба треба да биде информативна и тоа е најдобрата стратегија за почеток.

Родителите можат да бидат одличен извор на корисни информации кои ви се потребни за ученикот: Какво е однесувањето дома?, Дали има одбивност кон одење на училиште?, На кој начин ги работи домашните задачи? и сл.

Откако ќе воспоставите двонасочна комуникација со родителите, добро е да ја пополните листата за проверка наменета за родителите (Анекс 2) заедно со нив. Доколку проценката е дека родителите не се чувствуваат спремни и дека се под притисок од добиените информациите за да одговорат на прашањата , потребно е да се обезбеди копија од формуларот за да можат внимателно да го разгледаат дома. Освен информациите за тешкотиите поврзани со тешкотиите во учењето, од листата за проврка да дознаете дали има и други фактори кои влијаат на соодветното совладување на вештините.

Листата за проверка наменета за родителите можете да ја преземете со КЛИКНУВАЊЕ ТУКА, исто како и претходниот АНЕКС листата е во *PDF формат кој можете да го отпечатите или пак да го испратите на родителите по електронска пошта.

Откако ќе го разбудите интересот на родителите за тешкотиите на нивното дете, тогаш треба јасно да им предочите во кои делови вашето училиште може да му помогне на ученикот. За таа цел можете да ги користите генералните стратегии детално опишани во модулот број 3.

**Запомнете родителите или старателите на ученикот мораат да знаат доколку ученикот покажува знаци на дислексија, и заедно со нив да се изнајде најдоброто решение кои ќе доведе до зголемен успех и здрав емоционален развој на ученикот.**

## Чекор 5 - Вклучување на специјалниот едукатор и рехабилитатор како дополнителна поддршка

Во консултации со родителите и ученикот, доколку наставникот не може да согледа видливи знаци на подобрување на успехот на ученикот, потребно е да се вклучи и училишниот специјален едукатор кој би работел со ученикот на дополнителни часови. Специјалниот едукатор треба да примени техники на подучување, соодветни за лица со дислексија во областите во кои се забележани тешкоти. При работа со ученикот специјалниот едукатор пред се треба да го утврди стилот на учење кој најповеќе му одговара на ученикот за да може да му даде соодветна поддршка при совладување на училишниот материјал.

Доколку ученикот подобро учи преку слушање, односно има ***аудитивен стил на учење*** како доминантен, тогаш поддршката треба да биде заснована на дискусии за темата која се обработува . Ученикот треба да се поттикнува да ги повторува работите што ги слуша. За учениците со аудитивен стил на учење важно е уште на почетокот на часот да бидат запознаени што ќе учат на часот и што ќе научат. На крајот на часот треба накратко да му се даде резиме за она што се зборувало на часот.

Учениците што имаат ***визуелен стил на учење*** подобро памтат доколку она што се зборува е проследено и со илустрации. За да се постигнат добри ефекти и полесно совладување на материјалот, треба да се применуваат илустрации,графикони , видеа или други визуелни средства.

Учениците со ***кинестетичко – тактилен стил на учење*** , најдобро учат преку допир и движење. На пример полесно ќе ги научат буквите доколку ги моделираат со пластелин или ги испишуваат во воздух. Лесно може да ги вознемират надворешни звуци и движења и затоа е потребно да се обезбеди мирна средина за учење. Користење на маркери за обележување на клучните поими им го олеснува учењето. На овие ученици им се потребни чести кратки паузи при учењето.

Работата со специјалниот едукатор ќе му помогне на ученикот полесно да го совладува училишниот материјал и да покажува подобри резултати. Доколку тој има дополнително образование за работа со ученици со дислексија, тогаш во голема мера може да помогне и во надминување на дислексичните тешкотии поврзани со читањето и пишувањето.

***Важно да запомниме!***

***Ученикот кој се соочува со тешкотии во читањето и пишувањето, треба да биде набљудуван во текот на школската година и да се проценува напредокот од имплементираните стратегии.***

### Чекор 6 - Помош надвор од училиштето

Доколку напредок не се забележува и покрај промена на пристапот кон ученикот, и ако работата со специјалниот едукатор и рехабилитатор не дава видливи резултати, тогаш родителите за тоа треба да бидат известени и советувани да побараат дополнителна помош од стручно лице , надвор од училиштето . Во поразвиените земји постојат национални агенции за поддршка на ученици кои имаат тешкотии со читање и пишување, а исто така постојат и голем број на приватни центри кои нудат услуги за корекција на дислексија. Корекцијата на дислексијата бара исклучиво индивидуален пристап што подразбира работа само со еден ученик и тоа исклучиво со примена на специјализирани методи за корекција на состојбата. Во нашата држава се уште дислексијата не е опфатена како посебна состојба во законската регулатива и не постои национално тело со специјализирани кадри кое би понудило поддршка за ученици со дислексија, па родителите се принудени да бараат помош на сопствен трошок во приватните центри и специјалисти за дислексија кои за жал кај нас ги има во многу мал број.

Родителите исто така можат да бидат советувани да се обратат во Здружението за дислексија Ајнштајн, кое е единствена организација во државата што се занимава со оваа проблематика. На веб страната на Здружението АЈНШТАЈН www.disleksija.org.mk родителите, но и наставниците може да се најдат многу корисни информации преку кои дополнително ќе бидат мотивирани да им помогнат на своите деца и ученици.

## ЛЕКЦИЈА 4: Премин од одделенска во предметна настава

Преминот од одделенска во предметна настава, како и преминот од основно во средно образование кај многу ученици може да предизвикаат вознемиреност и тешкотии при прилагодувањето на новите услови. Затоа, од големо значење за овој процес на транзиција е да се осигурете дека учениците се подготвени да се соочат со новите предизвици.

Доколку, учениците со дислексија се уверат и охрабрат дека наставниците во понатамошното образование ќе имаат разбирање за нивните тешкотии, преминувањето од одделенска во предметна настава ќе биде помалку вознемирувачко.

Класните раководители и предметните наставници кои ќе го преземат натамошното образование на ученикот со дислексија треба целосно да бидат информирани за состојбата на ученикот и за неговите реални достигнувања во текот на изминатиот период.

За да се обезбеди понатамошна поддршка на учениците, одделенскиот наставник треба да ги сподели информациите за предизвиците на ученикот врз основа на следењето на напредокот во текот на првите пет години од образованието или од периодот од кога почнало следењето на постигнувањата на ученикот. Споделените информации треба да содржат:

- Области во кои ученикот има континуирани тешкотии (читање , пишување, однесување, самодоверба);
- Примерок од писмена работа на ученикот;
- Техники кои се соодветни за работа со ученикот (усно или писмено проверување на знаењето, дополнително време за завршување на задачата, помал обем на домашни задачи, проверка на знаењето со поставување на прашања и сл.);
- Области за кои ученикот покажува интерес (музика, уметност, математика, спорт....);
- Силни страни на ученикот.

***Доколку наставниците кои ќе го продолжат образованието на ученик со дислексија имаат евиденција за профилот на ученикот, и доколку имаат дополнителна поддршка од училишниот психолог и педагог можат да дадат голем придонес за совладување на тешкотиите кај учениците. Дополнителна поддршка е применатa на генералните стратегии за постапување со ученици со дислексија од страна на предметните наставниците, кои детално ќе ги разработиме во следниот модул.***

# Модул 3. Техники и алатки за работа со учениците со дислексија

## ЛЕКЦИЈА 1: Што не смееме да му ги кажеме на дете со дислексија

Пред да започнеме со презентирање на различни методи и стратегии корисни при подучување на учениците со дислексија, да ги увидиме 5-те фрази кои никогаш не би требало да ги користиме со нашите учениците кои се соочуваат со дислексија.

- ***Ако се трудиш повеќе, подобро ќе читаш***

Ова е исто како да му кажете на човек со скршена нога дека ако се потруди побрзо ќе трча. Децата со дислексија по секако се трудат повеќе од другите деца.

- ***Другите деца не треба да знаат за твојата дислексија***

Дислексијата е важен дел од идентитетот на ученикот. Таа е дел од него, исто како чувство за хумор или како бојата на косата. Ако го охрабрувате да ја крие дислексијата од другите, му давате погрешен сигнал дека со него нешто не е во ред. А тоа сигурно не е така.

- ***Можеби родителите треба да размислат да те преместат во друго училиште***

Со ова му укажувате на детето дека не ги исполнило вашите очекувања. Децата со дислексија можат да се справат со училиштето со правилен пристап, користејќи ги своите предности.

- ***Ако не научиш да читаш, никогаш нема да бидеш успешен/а***

Кога ова му го кажете на вашиот ученик, ќе му ја уништите засекогаш неговата самодоверба и вербата во успех. За секој дислексичар постојат начини и третмани за да научи да чита.

- ***Ако не прочиташ 10 страници, нема излегување на одморот***

Казните кај децата со дислексија не делуваат стимулативно туку напротив ќе постигнете само негативен ефект.

## ЛЕКЦИЈА 2: Генерални стратегии за поддршка на учениците со дислексија

Во модулот број 2 ги проучувавме чекорите кои треба да ги преземеме при идентификацијата на дислексијата кај нашите ученици. Во третиот чекор се зборуваше за примена на генерални стратегии за поддршка на учениците со дислексија кои ќе ги проследиме во наредните неколку слајдови. Овие стратегии вообичаено даваат добри резултати. Кај учениците кои имаат послабо изразена дислексија, овие стратегии ќе бидат доволни за тешкотиите да се надминат во првите неколку години од образованието. Доколку постои загриженост дека и покрај имплементирање на генералните стратегии за поддршка, нема напредок во совладување на тешкотиите и по неколку месеци, потребно е да се определи план за понатамошна поддршка на ученикот.

*** Генералните стратегии за поддршка претставуваат документ кој што ќе биде потребен постојано во својата работа, за таа цел со КЛИКНУВАЊЕ ТУКА можете да преземете стратегиите за поддршка во *Pdf формат и истите да си ги отпечатите.

| | **ГЕНЕРАЛНИ СТРАТЕГИИ ЗА ПОДДРШКА** | |
|---|---|---|
| | **Стратегија** | **Зошто е тоа потребно ?** |
| **1.** | Применувајте мултисензорни стратегии при учење на буквите од азбуката. | Нека учениците ги формираат буквите од пластелин.<br><br>Нека ги испишуваат во воздух , пред нив.<br><br>Нека секое дете ја испише буквата со движење на прстот на грбот на другарчето.<br><br>Дајте им инструкција да ја замислат буквата со затворени очи.<br><br>Потоа нека ја напишат во тетратката |

| | | |
|---|---|---|
| | | *<u>Оваа стратегија со која дислексичните ученици лесно ќе ги научат буквите а исто така е корисна и за сите останати ученици.</u>* |
| **2.** | Објаснете им на сите ученици зошто е важно читањето и пишувањето на начин прифатлив за нив. Објаснете им дека буквите се симболи и кога ќе се наредат по одреден редослед претставуваат збор кој има свое значење. Поттикнете ги во исто време да го визуелизираат значењето на зборот и како тој се пишува. | На учениците со дислексија секогаш им е потребно да ја знаат суштината зошто нешто учат или работат. Тие размислуваат доминантно со слики , наспроти другите ученици кои размислуваат доминантно со зборови. Тие размислуваат со значењето на зборот – треба да создадат слика за она што ќе го прочитаат, додека останатите размислуваат со звучноста на зборот. |
| **3.** | На почетокот на часот дадете краток преглед за она што следува како активност или краток преглед на лекцијата која ќе се предава.Исто така, многу корисно е на крајот од часот да се повторат најважните делови од лекцијата која ја предавал наставникот | На овој начин на информирање поголема е веројатност информациите да преминат од краткорочна меморија во долгорочна меморија. За ученик со дислексија е многу важно да ја добие големата слика односно суштината на лекцијата пред да се отпочне со деталите од градивото. |
| **4.** | Никогаш не ги споредувајте учениците | Секој ученик има свои предности и слабости.<br><br>Поради своите слабости при вештините со читање и пишување, дете со дислексија лесно ќе ја изгуби самодовербата ако го споредувате со други. |
| **5.** | Задачите за домашна работа секогаш треба да бидат запишани и да стојат доволно долго на таблата. | Вербалните инструкции може да не бидат запомнети или запишани од страна на ученик со дислексија. |
| **6.** | Ученикот кој има дислексија треба да седи во клупата која е најблиску до наставникот | На овој начин наставникот може да ја набљудува работата на ученикот одблиску и навремено да му пружи поддршка . |
| **7.** | Кога пишувате на табла, водете сметка за растојанието меѓу зборовите . | Визуелната перцепција е нарушена кај учениците со дислексија па тие често не можат да препознаат каде почнува и каде завршува зборот. |
| **8.** | На ученикот не треба да му биде зададена задача да чита текст кој | Мотивацијата е многу поголема доколку барањата не се високи . На тој начин ученикот |

| | | |
|---|---|---|
| | бара поголеми вештини од тие што ученикот ги има стекнато | ќе чита со задоволство. Ако ученикот премногу се труди околу секој следен збор што треба да го прочита, тој ќе го заборави значењето на она што е веќе прочитано. |
| 9. | На ученикот не треба да му се задава задача со која треба да чита на глас пред соучениците. | Доколку ученикот наиде на потсмевање од соучениците додека чита, тоа во голема мера ќе ја наруши неговата самодоверба. |
| 10. | Проверете дали ученикот има непознати зборови од текстот што го чита. Објаснете ги тие зборови многу трпеливо. Пофалете го ученикот за искреноста и за поставеното прашање. | Учениците со дислексија често пати знаат да бидат дезориентирани кога ќе наидат на непознат збор. Читањето после тој збор станува отежнато. |
| 11. | Оценувајте го и вложениот труд а не само резултатот. | Учениците со дислексија трошат многу повеќе енергија при учењето. Тие го даваат максимумот од себе , за што треба да бидат наградени. Вакви постапки дополнително ќе го мотивираат. |
| 12. | Проверете го знаењето на ученикот со поставување на прашања доколку забележите дека не може да ги изрази своите знаења во пишана форма. | Често пати на овие ученици им е тешко да го изразат знаењето по писмен пат или да ги раскажат четивата по одреден редослед. |
| 13. | Никогаш не ги потенцирајте грешките со црвено пенкало | Нема поголема болка за ученик со дислексија кога ќе му се врати тест прекриен со црвено мастило, во услови кога тој вложил повеќе труд од своите соученици за да го одговори тестот. |
| 14. | Пишувајте јасни , прецизни и кратки инструкции. | Учениците со дислексија можат многу лесно да се “ изгубат во мноштвото од зборови“ и при тоа да се дезориентираат и да не запомнат ништо од кажаното. |
| 15. | Направете проверка дали ученикот ја разбрал инструкцијата. | Охрабрете го ученикот со свои зборови да ви каже дали го разбрал вашето барање.<br><br>Набљудувајте дали, на пример:ја отвора книгата на страница 36 и дали почнува да ги заокружува сврзниците, како шт сте ја задале инструкцијата Понудете му помош доколку забележите дека не е сигурен. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Доколку сте во можност обезбедете копија од предавањето што ќе му ја дадете на ученикот дома. |
| **16.** | Редуцирајте го препишувањето од табла.<br><br>Доколку тоа е неопходно тогаш обележете го секој ред со креда со различна боја така што следењето ќе биде полесно. | Визуелното следење на редовите во текстовите или на табла честопати бара голем напор од ученикот. Различните бои на редовите им ја олеснува работата. |
| **17.** | При презентација на материјалот користете илустрации, графикони или видео материјали додека го предавате градивото. | Дислексичните ученици создаваат асоцијации преку илустрациите и полесно учат. Всушност, ова е корисно и за учениците кои немаат дислексични тешкотии |
| **18.** | Обележете ги чекорите од инструкциите со точки со различна боја и во засебен ред. | Пример :<br><br>• За домашна задача :<br>• На страна 25<br>• Момчето и виолината<br>• Заокружи ги сите придавки |
| **19.** | Спречете ги надворешните вознемирувачки фактори | Често пати учениците со дислексија се вознемируваат и се дезориентираат кога ќе видат поголем обем на зададени задачи. Ова особено се случува при писмена проверка на знаењата. Сугерирајте му на ученикот да ги покрива со лист бела хартија прашањата кои не ги одговара во моментот.<br><br>Една од можностите е да подготвите тестови со повеќе страници за овие ученици со по едно прашање на нив. |
| **20.** | Обезбедете мирна атмосфера во училницата | Некои учениците со дислексија ги перципираат сите звуци подеднакво. Звуците во позадина не им дозволуваат да се фокусираат на она што го зборува наставникот. Огромен е напорот што го вложуваат за да ги разграничат звуците |
| **21.** | Кога сакате нешто да му појасните на ученикот, седнете на клупата покрај него, наместо да седите на катедра или да стоите. Секогаш забелешките нека бидат со позитивна конотација. На пример: ова е добро, но ти секогаш покажуваш дека можеш уште подобро . | На овој начин ученикот ќе се чувствува псигурен и ќе почувствува дека наставникот го разбира и искрено сака да му помогне. |

| | | |
|---|---|---|
| **22.** | Секогаш пофалете го ученикот со дислексија кога ќе даде точен одговор или вложил труд за некоја зададена задача. | Пофалбата е основна алатка за подигнување на мотивацијата и самодовербата на учениците со дислексија. |
| **23.** | Потенцирајте ги силните страни на ученикот со дислексија наместо тешкотиите. | Дислексијата со себе носи и многу дарби и предности како што се креативноста, интуицијата, решавање на проблеми и критичко размислување, живописна имагинација и способност да се види суштинското значење на работите. За дислексичарите карактеристично е да ја гледаат големата слика наместо деталите. Со ваквиот пристап дополнително ќе ја зголемите мотивацијата . |

## ЛЕКЦИЈА 3: Работни стратегии за ученици со дислексија

Во оваа лекција ќе ви прикажеме неколку **сугестии** кои може да бидат од помош и корист при работата со деца со дислексија.

***Мали чекори***

Поради фактот што децата со дислексија имаат тешкотии во краткотрајната меморија, многу е важно задачите да им се презентираат во мали чекори. Всушност, треба да се дава задача по задача. Доколку во курикулумот се дефинирани повеќе задачи истовремено, може да биде корисна употребата на чек листа за нотирање и следење на прогресот.

***Групна работа***

Важно е да се планира групната работа. Динамиката на група е многу важна, и дислексичните деца треба да бидат во група кадешто барем еден член на групата е способен да даде некаква структура на групните задачи. Ова може да биде добро искуство за децата со дислексија. Децата во групата не треба да го засенат дислексичното дете. Некој треба да го фацилитира придонесот на детето со дислексија во групата. Иако овие деца може ја немаат истата способност за читање како и другите во групата, тие сигурно имаат способност за сфаќање, и поради тоа тие ќе бидат способни да придонесат на некаков начин.

***Употреба на обоена хартија***

Постојат некои докази дека различните бои во позадината и на фонтовите може да ги подобрат читањето и вниманието на детето.

***Формат на страната***

Форматот на страната е многу важен. Тој треба да е визуелен и не пренатрупан. Големината на фонтот исто така може да биде клучен фактор. Тој не смее да е премал. Во однос на фонтот zа текстови најпрепорачливо е да се користи првиот кириличен фонт DyslexicFZF (во наредните слајдови ќе може да прочитате повеќе за DyslexicFZF), а за латиничен фонт најпрепорачливи се OpenDyslexic, Sasoon и Comic Sans.

***Чек-листи***

Продуцирањето на чек-листи ви дава начин да проверите дали инструкциите се разбрани. Тука може да се вклучат прашања како: Што е кажано/прашано? Што се бара од мене? Како ќе знам дека сум во право?

***Дополнително време***

Некои дислексични деца бараат значајна количина на дополнително време, посебно за задачи како што се препишување од табла и пишување на вежби. Често децата со дислексија не го даваат вистинскиот одговор бидејќи целосно ја немаат сфатено задачата. Одвоете време за да бидете сигурни дека задачата е целосно сфатена пред да му дозволите на детето да работи независно.

***Наслови***

Ставајте различни начини на информации под различни наслови. Ова може да помогне со долготрајната меморија и организацијата на информации.

***Клучни зборови***

Наведете клучни зборови. Ова е многу значајно за децата со дислексија кои често имаат тешкотии во идентификувањето на клучни зборови. Тие може да обрнат внимание на ирелевантните аспекти на пасусот бидејќи имаат тешкотии во идентификувањето на главните и клучни идеи од текстот.

***Мнемонички техники***

Употребувајте мнемонички техники со цел да ја подигнете меморијата. Ова може да биде забавен но и ефективен начин на учење. Најубаво е мнемоничките техники да се персонализираа, така што охрабрете го детето да развие своја мнемоничка техника.

***Групна динамика***

Осигурајте се дека групните динамики се правилни и конструктивни за дислексичниот ученик. Ова е важно бидејќи групната работа може да биде многу наградувачка само ако дислексичното дете е во конструктивна група. Осигурајте се дека групата нема премногу деца кои постојано зборуваат – во групата исто така се потребни слушачи.

***Пристап кон испрашување***

Употребувајте различни пристапи за испрашување со цел да ги промовирате вештините за размислување. Активностите за решавање на проблеми може да бидат корисни затоа што не се бара премногу читање пред да се премине на решавање на проблемот. Слично е со задачите за барање на факти – тие исто така може да бидат мотивирачки бидејќи осигуруваат дека постои јасно водство како да се најде информацијата. Детето со дислексија може да троши многу време во барање на информации на интернет или во библиотеките и на овој начин може да собира ирелевантни информации. Поради тоа е важно да се обезбеди јасна структура за сето ова.

***Снимете ги нивните гласови***

Упторебувајте рекордери за снимање со цел да ги снимаат нивните мисли. Ова може да биде добро и да помага при метакогницијата (свесност за тоа како учи една личност). Со снимањето на нивните мисли на касета се промовира свесноста за себе. Тие треба да бидат свесни за тоа како решаваат некоја задача.

***Развој на способноста за прашување***

Важно е детето, ако ја разбира задачата да знае како да го постави вистинското прашање. Ова може да биде навистина тешко и важно е да се вежба преку дискусија пред поставувањето на задачата.

***Работете заедно***

Добрата комуникација со родителите на ученикот кој се соочува со дислексија е многу важна. Зборувајте со нив за тоа како нивното дете се однесува во училиште и дома и за стратегиите кои вие ги применувате за време на наставата и начините на кои тие работат со детето во домашни услови. Ова е важно пред се бидејќи сите ученици со дислексија се разликуваат едни од други и сите учат на различен начин. Преку добра комуникација со родителите, многу полесно можете да изнајдете соодветни методи кои ќе го олеснат процесот на учење за ученикот со дислексија.

***Оставете им повеќе време за пишување на домашните задачи***

Доколку за пишување на домашната задача кај останатите ученици е потребен еден ден, на ученикот со дислексија дајте ја истата во петок и оставете му го целиот викенд за да работи на истата. Пожелно е и да направите план за домашни задачи за целиот месец и истиот да го дадете на родителите за да имаат доволно време да го поминат материјалот со нивното дете, со цел постигнување на повисоки резултати.

***Јасни инструкции***

Инструкциите треба да бидат кратки и јасни. Најдобро е да обезбедите серија на кратки задачи отколку една долга задача. Ова исто така им олеснува на учениците да го следат својот напредок.

***Игри***

Кога станува збор за едукативни игри, најдоброто од се е тоа што сите ученици имаа корист од нив, со што лесно можете да ги вметнете во наставата и да го направите часот многу поинтересен. Ништо

не може толку да го привлече вниманието на учениците, како што тоа може да го направи една забавна, а сепак едукативна игра. Постојат стотици едукативни апликации и игри за мобилен телефон или компјутер кои го потпомагаат процесот на учење, особено кога станува збор за изучување на англискиот јазик. Вакви игри може да најдете на www.crossboweducation.com (кликни тука)

***Развој на креативност и пофалби***

Обидете да ја развиете креативноста и вештините за решавање на проблеми. Ова е од исклучителна важност и е една област која често се занемарува кога се подучуваат децата со дислексија бидејќи фокусот е на подучување на вештини за писменост кај децата со дислексија. Учениците со дислексија често покажуваат послаби резултати кога станува збор за правопис и граматика, за разлика од своите соученици. Сепак, доколку и покрај направените грешки тие се истакнуваат со својата креативност и начин на размислување, дефинитивно заслужуваат да бидат наградени и пофалени за тоа. Дури потоа укажете им и коригирајте ги направените правописни и граматички грешки, но тоа ***направете го со зелено наместо со црвено пенкало.*** Ништо не ги демотивира овие ученици, како што тоа го прават корекциите направени со црвено пенкало.

***Поимник***

Добра идеја е да се вклучи поимник за нови зборови во пристапот за учениците со дислексија. Истиот треба да се состои од зборови или концепти од различни предмети со што би се мотивирале студентите да развијат свој сопствен поимник. Најдобра опција е поимникот да биде илустриран. Можете да направите вака - Пред почетокот на часот, на ученикот со дислексија дајте му лист на кои претходно сте ги напишале сите клучни точки и зборови кои се важни за претстојната лекција. Тоа ќе му помогне полесно да води белешки и ќе го намали стресот кој се јавува кај него кога се обидува да препишува од табла. Ова ќе им овозможи целосно да се посветат на предавањето и да ги запомнат клучните информации

***Бележник за следење на редот при читање (линијар)***

Ваквиот тип на бележници значително го олеснуваат читањето за учениците со дислексија бидејќи во фокус се става еден ред од целиот текст. Овие линијри можете да ги направите и сами (пр. Земете лист хартија или тенок картон и исечете го средниот дел со димензии кои одговараат на фонтот и должината на редовите).

***Употребна на соодветен компјутерски фонт***

Во нашата држава е креиран првиот и единствен компјутерски фонт ***DyslexicFZF*** кој го олеснува читањето кај учениците со дислексија, исто така доколку користите интернет за време на часовите може да го преземете и додатокот "Бато" за Google Chrome кој ќе ги трансформира сите веб страни во "dyslexia friendly" веб содржини. Фонтот DyslexicFZF можете бесплатно да го преземете и ТУКА ,

Додека пак додавка БАТО можете да ја преземете ТУКА

Во нашата држава е креиран првиот и единствен компјутерски фонт DyslexicFZF кој го олеснува читањето кај учениците со дислексија, исто така доколку користите интернет за време на часовите може да го преземете и додатокот “Бато” за Google Chrome кој ќе ги трансформира сите веб страни во “dyslexia friendly” веб содржини. Фонтот DyslexicFZF и додавката Бато можете бесплатно да ги преземете на следниот линк http://www.dyslexia-info.com/aisitivna-tehnologija/

***Отпечатени материјали***

Најдобро е сите дополнителни материјали кои ќе ги креирате во текот на наставата да бидат отпечатени со фонтот DyzlexicFZF, исто така потрудете се за учениците со дислексија тестовите да ги отпечатите со овој фонт.

***Тастатура во боја***

Тастатурите за компјутер кои се во повеќе бои и се означени со поголеми букви, исто така го прават дигиталното пишување многу подостапно и полесно за учениците со дислексија. Истите може да се најдат преку Здружението за асистивна технологија Отворете ги прозорците.

## ЛЕКЦИЈА 4: Модификации за наставата според Левин

Др. Мел Левин бил истакнат професор од Универзитетот во Северна Каролина чија што специјалност биле потешкотиите во учењето. Тој стоел на ставот дека за правилен третман на учениците со дислексија е потребно да се направат одредени модификации на наставата, меѓутоа таквите модификации значајно **не отстапуваат** од веќе воспоставената наставничка пракса. Во прилог ви ги презентираме модификациите на наставата кои Др. Левин смета дека е потребно да се направат од страна на наставниците.

| | | **Проверка на наученото** |
|---|---|---|
| 1. | **Модифицирање на темпото**<br><br>Чести паузи за повторување и резимирање на материјалот.<br><br>Спор говор со паузи по важните информации. | Да се сигнализира на ученикот пред да се испраша.<br><br>Да се дозволи повеќе време на тестовите. |
| 2. | **Намалување на обемот**<br><br>Потцртување на учебниците<br><br>Намалување на обемот кој се очекува од ученикот | Да се дозволат пократки писмени задачи. |
| 3. | **Приспособување на сложеноста**<br><br>Мноштво практични примери за апстрактни концепти.<br><br>Апстрактното да се објасни со конкретни зборови. | Тестот да се однесува на еден тип проблем, а не да се дава комбинација од различни.<br><br>Ученикот да се провери само на еден аспект од задачата.<br><br>Да се направи распоред за секој одделен сегмент од лекцијата и да се следи ученикот. |
| 4. | **Приоритети**<br><br>Да се акцентираат клучните поенти од лекцијата.<br><br>Да се направи преглед – концепт на лекцијата.<br><br>Да се фокусира на еден или два аспекти. | Да се оценува само за содржината не за спелувањето.<br><br>Ученикот да се посвети само на еден аспект од писмената задача – пр. елаборација на проблемот. |
| 5. | **Промени во курикулумот**<br><br>Да се намали времето за предмети кои бараат јазичен израз.<br><br>Да се дозволат паузи. | Да се дозволи ученикот да користи печатни букви, наместо да се инсистира на ракописни.<br><br>Да се дозволи ученикот да го издиктира одговорот за прашања на есеј. |
| 6. | **Посебни помагала**<br><br>Да се користат картички за потсетување.<br><br>Да се направи распоред табела ма ѕид со очекуваните чекори – фази од задачата.<br><br>Да се користат аудио книги. | Да се дозволи на учениците да се служат со помагала кои им се на располагање - ИКТ. |
| 7. | **Промена на рутината**<br><br>Да се дозволи колаборативно – тимско учење.<br><br>Да се промени распоредот на предмети. | Да се дозволат паузи<br><br>Да се дозволи и шарање по кориците.<br><br>Да се дозволи рачна изработка како замена. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Промени на формите**<br><br>Да се овозможи искуствено учење.<br><br>Да се прикажуваат филмови. | Да се користат усни извештаи.<br><br>Да се користат портфолија.<br><br>Да се дозволи рачно изработен проект. |
| 9. | **Модифицирање на повратниот одговор до ученикот** | Разговор со ученикот за постигнатото.<br><br>Модифицирање на начинот на оценување.<br><br>Да се побара и само-оценување на ученикот (за која оценка смета дека соодветствува неговиот одговор). |

## ЛЕКЦИЈА 6: Техники за учениците што учат аудитивно

Доколку сте оцениле дека ученикот учи полесно преку слушање, односно аудитивно, отколку преку напишани текстови, размислете за користењето дигитални учебници, иако во нашата држава многу ретко постојат ваков тип книги. Во ситуација кога достапноста на ваквиот тип книги е многу ограничена, како што е случајот во нашата држава, добра замена за тоа би бил мобилниот телефон. Можете да го советувате ученикот некој негов близок да му ги чита лекциите на мобилен телефон или диктафон, а тој да ги преслушува. Откога материјалот ќе биде снимен, ќе биде доволно ученикот истиот да го преслуша и само двапати. За содржините што се на англиски јазик, од голема помош би било користењето читачки софтвер што ќе чита наместо ученикот. Вакви софтвери може да се најдат бесплатно на интернет или да се набават за некоја симболична сума. Доколку во вашето одделение учениците формираат групи за учење, охрабрувајте го ученикот со дислексија постојано да се вклучува во нив бидејќи тоа ќе биде од голема корист за него. Повторувањето на материјалот и решавањето на задачите групно, ќе бидат од голема корист учениците со дислексија полесно да го запомнат материјалот.

Кога станува збор за читањето книги имаме среќа што во нашата држава постојат неколку веб платформи каде што можат да се најдат аудио книги, кои со сигурност ќе бидат од голема корист за учениците со дислексија. Во продолжение ви претставуваме неколку Македонски платформи каде што можете да најдете аудио книги:

Аудио книгите снимени во рамки на проектот на УСАИД за лица со оштетен вид можете да ги најдете со кликање ТУКА

Националниот сојуз на слепите на Република Македонија, на платформата можете да пристапите преку кликнување ТУКА

Најновата иновативна платформа за аудио книги САМОГЛАС, на платформата можете да пристапите преку кликнување ТУКА

## ЛЕКЦИЈА 7: Техники за учениците што учат визуелно и имаат тешкотии со пишувањето и текстовите

**За учениците што учат визуелно**

Некои ученици имаат силно развиена визуелна меморија. Ова може да биде од корист при учењето. Некои ученици можат да се потсетат на изгледот на страницата на белешките што ги запишале, што навистина помага во решавањето на зададената задача. Користете листови во боја, поголем проред, болдирања, подвлекување со маркери, стикери, шеми, дијаграми и илустрации при пишувањето на забелешките, на тој начин учениците со дислексија ќе можат многу полесно да го запомнат материјалот. Корисна метода тука е методот на концепт-мапирањето, кој е детално објаснет во лекцијата за стратегии за меморирање.

**За учениците што имаат потешкотии со текстовите и пишувањето**

Некои ученици имаат проблем со дешифрирањето и разбирањето на значењето на комплексните текстови. Речиси секогаш учениците со дислексија речениците треба да ги препрочитаат по неколку пати за да можат убаво да ги разберат. Најлесен начин да се надминат овие проблеми е да се подвлекуваат главните и важни работи од текстот, со што ќе се елиминираат сите непотребни реченици. Ученикот секогаш треба да ја знае целта на читањето, односно зошто го чита тоа. Корисно би било ученикот со дислексија додека чита, да си запишува и забелешки. Читањето на текстот на глас кај некои ученици помага во разбирањето на прочитаното. Доколку ученикот чита интернет содржини корисна алатка би била додавката за Google Chrome “Бато”. Бато е бесплатна додавка која ги трансформира сите веб содржини во фонтот DyslexicFZF и нуди можност за зголемување на текстот и менување на бојата на позадината. Додавката Бато можете да ја преземете преку кликање ТУКА .

Доколку пишувањето му претставува проблем на ученикот со дислексија, одвојте време насамо да поразговарате со ученикот, погледнете го неговиот напишан текст и смирено укажете му на грешките кои ги направил. При пишување на компјутер, најкорисна алатка е spell-checker (правописна проверка) каде што сите погрешно напишани зборови на ученикот ќе му бидат подвлечени со црвено, па така ќе може да увиди каде прави грешки при пишување.

## ЛЕКЦИЈА 8: Техники за полесно читање

Учебниците, лектирите и списанијата се само дел од секојдневните задачи што ученикот со дислексија ќе треба да ги прочита. Дислексичарите генерално имаат проблеми со читањето, што може да им предизвика тешкотии во секојдневното живеење. Но, тоа не треба да обесхрабрува, бидејќи следните читачки стратегии можат да бидат од голема помош за учениците со дислексија.

Постојат три различни читачки техники, а тоа се:

- **Техника за потрчување низ текстовите**
- **Техника за скенирање**
- **Техника за детално читање**

Целта на читањето е да се добијат информации. Во зависност од тоа што е потребно ученикот да знае, не секогаш е потребно читање на секој збор од текстот. На пример, доколку сакате да пронајдете телефонски број во именикот, немате потреба да ги читате сите имиња што се напишани. Најверојатно само ќе ги скенирате имињата додека не го најдете името што го барате.

| | **Техника за потрчување низ текстовите** | **Техника за скенирање** | **Техника за детално читање** |
|---|---|---|---|
| **Цел** | Да се разбере главната поента | Да се пронајде специфичната информација | Да се чита внимателно и да се апсорбираат детаљи |
| **Пример** | Читање списание | Прелистување каталог или именик | Читање прирачник со инструкции за употреба |
| **Резултат** | Да се добие претстава за напишаната содржина | Пронаоѓање на специфичниот податок што се бара | Да се разберат деталите |

- **Техника за потрчување низ текстовите**

Целта на оваа техника е да се добие, односно сфати, главната идеја или поента. Оваа техника најчесто се применува кога се чита некое списание и сакате да добиете некоја информација, но не мора да го прочитате целиот текст. Корисен совет за оваа техника е ученикот да ја прочита првата и последната реченица од секој параграф. Овие реченици најчесто ја содржат поентата, а останатите реченици се фокусираат на деталите.

- **Техника за скенирање**

Разликата во оваа техника е тоа што барате конкретна, одредена информација, име или број, како што споменавме за телефонскиот именик. Всушност, дислексичарите се одлични во оваа техника бидејќи имаат развиено многу добра визуелна перцепција. Најчесто зборот или името што тие го бараат, секогаш се издвојува.

- **Техника за детално читање**

Ова е најтипичната техника за читање на која што нè учеле сите нас на училиште. Секогаш се чита секој збор од страницата, со цел да се разбере што писателот сака да пренесе до читачот. Како и да е, со користењето на техниката за потрчување низ текстот и техниката за скенирано читање ученикот со дислексија може значително да си го скрати деталното читање и да ги запомни само важните поенти или параграфи.

# Модул 4. Психолошка слика на учениците со дислексија

## ЛЕКЦИЈА 1: Психолошка слика на учениците со дислексија

Дислексијата сама по себе и не претставува поголем проблем. Илјадници лица со дислексија го пронаоѓаат својот различен стил на учење, со цел да постигнат одредени академски вештини. Проблемот е што вложуваат многу труд и енергија за да се вклопат во востановениот систем на образование, кој е заснован примарно на читање и пишување.

Треба да бидете внимателни. Кога ќе се забележат знаците на дислексија, треба да се дејствува за да не дојде до емоционални нарушувања, кои не се ретки кај лицата со дислексија.

### ДАЛИ ЕМОЦИОНАЛНИТЕ НАРУШУВАЊА ЈА ПРЕДИЗВИКУВААТ ДИСЛЕКСИЈАТА?

Истражувањата покажуваат дека дислексијата е предизвикана од биолошки фактори, а не емоционални или фамилијарни проблеми. Семјуел Ортон е еден од првите истражувачи што го опишува емоционалниот аспект на дислексијата. Неговите истражувања покажуваат дека поголемиот дел од децата од раѓањето до претшколска возраст се среќни и добро приспособени со опкружувањето. Нивните емоционални проблеми почнуваат да се развиваат со почетокот на нивното описменување, кога тие не можат да се приспособат на вообичаениот образовен систем и востановените наставни методики. Во секој случај, поголемиот дел од истражувањата покажуваат дека дислексијата е генетски предодредена и дека не е предизвикана од лош пристап на родителите, од проблеми во семејството, или пак, од депресија и анксиозност во детството.

### Зошто дислексијата фрустрира и обесхрабрува?

Фрустрациите кај децата со дислексија воглавно доаѓаат од таму што тие не можат да ги исполнат очекувањата од околината. Родителите и наставниците гледаат бистро дете со ентузијазам, кое и покрај напорите, не може добро да чита и да пишува. Со текот на времето може да се слушне: Но, тој е толку бистро дете – барем малку повеќе да се потруди. Иронично, но никој не знае всушност колку тие деца се трудат. Кај учениците со дислексија, болката што не можат да го постигнат очекуваното е огромна, особено кај оние ученици што се стремат кон перфекционизам, а не можат да го достигнат. Тие се развиваат во личности што мислат дека правењето грешки е вистински ужас.

Но, како по правило децата со дислексија прават многу ненамерни и глупави грешки. Реакциите на околината, односно потсмевањето, ги фрустрираат и предизвикуваат чувство на пониска вредност.

Од друга страна пак карактеристично е што многу од учениците со дислексија имаат проблеми во социјалните врски со своите врсници. Токму ваквите проблеми произлегуваат од следното следното:

- Тие може да бидат физички и социјално помалку созреани во споредба со нивните врсници, што од своја страна доведува до лоша слика за себе и неприфаќање од врсниците.
- Нивната социјална незрелост може да ги направи несмасни во секојдневните социјални релации и ситуации.
- Многу деца со дислексија имаат тешкотии со читањето на социјалните знаци од околината, односно можат да бидат несвесни за потребната лична дистанца која е потребна за комуникација со другите.
- Децата со дислексија честопати имаат проблем со говорниот јазик, во смисла што не секогаш можат да го вметнат вистинскиот збор на вистинско место. Со други зборови, понекогаш им е тешко да ги изразат своите мисли со зборови. Исто така, многу често може да им се случува да не можат брзо да одговорат на поставено прашање. Ова станува особено фрустрирачки во периодот на адолесценцијата, кога говорот има централно место во комуникацијата меѓу тинејџерите.

Сите наведени фактори создаваат  поволна средина овие ученици да не се прифатени од околината која ги опкружува, а тоа ќе создаде дополнителни емоционални состојби кај детето. Најчестите емоционални состојби со кои се соочуваат учениците со дислексија можеме да ги погледнете во следната лекција.

## ЛЕКЦИЈА 2: Што чувствуваат учениците со дислексија?

Според научните истражувања лицата особено учениците со дислексија најчесто се соочуваат со следните емоционални состојби, кои дополнително создаваат проблеми кај самиот ученик, покрај проблемите кои произлегуваат од самата дислексија.



## Лоша слика за себе и фрустрации

**Лоша слика за себе –** Првите години од образованието се периодот кога секое дете ја гради сликата за себе и период кога детето треба да го разреши конфликтот помеѓу позитивната слика за себе и инфериорноста. Кога детето наидува на грешки и фрустрации, тоа учи дека е инфериорно во однос на другите и дека неговите напори даваат многу мали резултати. Самодовербата и позитивната слика за себе доаѓаат со постигнувањето на успеси во училиште. Кога едно дете кое нема дислексија покажува успех во училиште тоа си го припишува на своите вложувања. Кога тоа исто дете ќе направи грешка, тоа му е знак и мотив да се потруди повеќе. Кога пак едно дете со дислексија ќе покаже успех, тоа го припишува на среќни околности, а кога ќе направи грешка тогаш тоа едноставно се гледа себеси како глупаво. Наместо чувство на моќност и продуктивност, тие имаат чувство дека околината ги контролира и дека се некомпетентни и инфериорни. Истражувачите укажуваат дека ваквото чувство на инфериорност особено се развива околу десеттата година. После оваа возраст е многу тешко да се изгради позитивната слика за себе, а со тоа и самодоверба. Ова е моќен аргумент за рана интервенција.

**Фрустрациите** кај децата со дислексија воглавно доаѓаат од таму што тие не можат да ги исполнат очекувањата од околината. Родителите и наставниците гледаат бистро дете со ентузијазам кое и покрај напорите не може добро да чита и да пишува. Со тек на време може да се слушне: „Но тој е толку бистро дете – барем малку повеќе да се потруди“. Иронично, но никој не знае всушност колку тие деца се трудат. Кај учениците со дислексија болката што не можат да го постигнат очекуваното е огромна, особено кај оние ученици кои се стремат кон перфекционизам, а не можат да го достигнат. Тие се развиваат во личности кои мислат дека правењето на грешки е вистински ужас.

***Постојаните етикетирања како мрзеливи, глупави, неспособни, ретардирани придонесуваат за постојано зголемување на фрустрациите кај учениците.***

## Анксиозност

**Анксиозноста** е најчеста емоционална состојба која се јавува кај децата со дислексија. Учениците со дислексија стануваат плашливи поради константната фрустрација и збунетост во училиштето. Претпоставувајќи дека ќе направат некоја грешка, секоја нова ситуација за нив може да предизвика анксиозност. Затоа лицата со дислексија се обидуваат да ги избегнат сите ситуации за кои тие мислат дека можат да ги збунат и при тоа да направат грешка. Поради ваквиот вид на страв, учениците со дислексија избегнуваат да учествуваат во школските активности и пишувањето на домашни задачи. Во најголем број на случаи, родителите и наставниците ваквото однесување го припишуваат на мрзеливост и незаинтересираност.

## Гнев

**Гневот** е исто така честа појава кај лицата со дислексија. Гневот се јавува како последица на фрустрациите од лошиот успех и од неприфаќањето оd страна на соучениците. Гневот најчесто се изразува кон наставниците, соучениците, а не ретко и кон родителите. Тие всушност се гневни и на самите себе. Во училиште, најчесто, за да не им бидат разоткриени грешките од кои тие најмногу се плашат, учениците со дислексија се максимално пасивни. Но кога детето ќе дојде дома, во безбедна средина, силното чувство на гнев е насочено кон мајката која се обидува да му помогне.

Детето уште помалку сака да прави грешки пред родителот и истовремено да го разочара и да не ги исполни неговите очекувања.

Од друга страна токму ученикот со дислексија може да биде и оној ученик кој што е најнемирниот или ученикот со најнепримерно поведение во одделението или класот. Која стратегија ќе ја примени ученикот дали ќе биде повлечен или непримерен зависи од самиот него или од опкружувањето. Некогаш ученикот преку тоа што создава проблеми во училиштето го изразува својот гнев. Во периодот на адолесценција, кај младите се јавува огромен внатрешен конфликт поради посакуваната независност од домашните, наспроти зависноста од родителите кои му помагаат при учењето. Затоа гневот на адолесцентите со дислексија , најповеќе е насочен кон оние од кои се зависни, односно родителите. Од овие причини, тешкотиите со кои се соочуваат родителите на адолесцентите со дислексија , во обидот да им помогнат , се огромни па дури и непремостливи.

## Депресија

**Депресијата** е честа компликација како резултат на претходно наведените состојби, односно лошата слика за себе, фрустрациите, гневот и анксиозноста. Иако многу луѓе со дислексија не се депресивни, сепак ризикот за појава на чувство на тага кај дислексичарите е висок. Децата и адолесцентите различно ги манифестираат чувствата на тага од возрасните со дислексија. Кај нив најчесто тие чувства се невидливи, прикриени со поголема активност или летаргичност. Не сакаат да зборуваат за тоа како се чувствуваат и често не изгледаат несреќни. Како и да е, и децата и возрасните кои се депресивни имаат три заеднички карактеристики: Прво, тие се склони да имаат негативни мисли за себе, што влијае на градењето на лоша слика за себе. Второ, тие се стремат да го гледаат светот негативно, не ги уживаат позитивните искуства кои ги нуди животот и со тоа се спречени да имаат забавен и среќен живот. И трето, тие не гледаат светла перспективна иднина туку животот го гледаат како континуитет на сопствени грешки.

## Заклучок

Најважно од сè е возрасните, родителите и наставниците да ги разберат потенцијалните проблеми со кои можат да се соочат децата со дислексија во текот на нивниот развој и да изградат стратегии за да им помогнат. Родителите и наставниците треба да ги разберат чувствата на децата со потешкотии, или да изнајдат начини и да ги научат да зборуваат за своите чувства. Потребно е да се наградува трудот, а не само резултатот од работата. За учениците многу е поважно да се потенцира прогресот наспроти оценките.

Од наведените емоционални состојби кои може да го следат детето со дислексија може да се заклучи дека тие се многу чувствителни, особено ако се доживуваат поразлично од другите, на било кој начин.

Постојат многу начини кои би му помогнале на ученикот да ја зголеми или да ја одржи својата самодоверба. Еден од најефективните начини е наставникот да ги согледа областите каде што ученикот покажува резултати и за тој успех да добие вистинско признание. Вистински ефекти доколку ученикот биде убеден дека признанието е поврзано со неговите постигнувања. Кога ученикот ќе се убеди себеси дека е неуспешен, навистина е тешко да се сменат овие чувства. Во ваквите случаи треба да се направат дополнителни напори за ученикот да ја смени прецепцијата за

себеси. Ова може да биде долготраен процес, во кој се потребни дополнителна поддршка, признание и претпазливо однесување. Доколку се одлучи на ученикот да му се соопшти дека има дислексија, многу е важно ученикот да добие јасна слика за што станува збор. Ова може да стане позитивна алатка за младото лице ако дислексијата се објасни како разлика, а не како недостаток. Во секој случај, подобро е на детето да му се даде објаснување за причините поради кои има тешкотии со некои задачи, отколку тоа за себе да мисли дека глупаво и неспособно.

## ЛЕКЦИЈА 3: Самодоверба

**Самодовербата** е особина која е од голема важност за секој човек. Позитивната самодоверба влијае на сигурноста и на мотивацијата во учењето. За жал, особено учениците со дислексија се во ризик за слаб развој на самодовербата. Тие често се чувствуваат различни кога се споредуваат со останатите ученици, и исто така доживуваат многу фрустрации кои често се предизвикани од дислексијата. На пример, не им е лесно да ја задржат самодовербата во услови кога согледуваат дека тие се побавни во зборувањето и реагирањето од другите. Ова може да се манифестира кај децата со дислексија – како дома, така и на училиште. Ако ученикот доживее успех во училиштето, ќе развие позитивни чувства за самиот себе и верба дека може да успее во животот. Но, доколку доживее неуспех и фрустрација, учи да биде инфериорно во односот со другите. Наместо чувството на сила и продуктивност, тие мислат дека средината ги контролира. Имаат чувство дека немаат сила и дека не се компетентни.

Истражувачите утврдиле дека учениците што немаат тешкотии, по постигнатиот успех добиваат дополнителна мотивација за успех. Но тоа не е случај со учениците кои имаат потешкотии во читањето и пишувањето. Поради постојаното укажување на нивните грешки тие живеат со постојано убедување дека секој нивни нареден чекор ќе биде погрешен. Дури и кога ќе бидат пофалени за некој нивни успех, тие тоа го препишуваат на случајност или среќа.

Постои поврзаност помеѓу вештините за читање и самодовербата. Ученикот со висока самодоверба вообичаено покажува подобри резултати во училиште. Односот помеѓу самодовербата и училишната работа е реципрочен; ниската самодоверба влијае на училишната работа (постигнувања), но, од друга страна, слабите постигнувања влијаат на самодовербата.

***Високата самодоверба исто така е поврзана со емоционалното приспособување и физичкото здравје на ученикот. Ова е причината заради која е значајно учениците со дислексија да се идентификуваат рано и да им се даде соодветна помош.***

### Манифестирање на ниска самодоверба

Колку ниска самодоверба ќе манифестира детето зависи од неговата личност. Има податоци за некои основни лични разлики што се конституционално детерминирани (Eysenck, 1980). Според него произлегуваат две основни лични димензии. Првата разлика е во димензијата на личност ***интровертност – екстровертност***. Поинтровертното дете повеќе ќе ги прифати мирните забелешки, пристапи и ќе биде најсреќен кога ќе работи или ќе игра сам или најверојатно со уште еден или две други лица. Екстровертното дете, ќе ги прифати забелешките и ќе претпочита друштво на повеќе деца кога работи или игра.

Дали ученикот е со интровертни или екстровертни лични карактеристики не зависи од тоа дали има или нема дислексија. Поради тоа учениците со дислексија може на различни начини да ја манифестираат ниската самодоверба. Доколку ученикот е со интровертни лични карактеристики ќе биде повлечен, ќе одбива да одговара на поставени прашања и нема да ги изразува чувствата. Доколку пак ученикот е со екстровертни лични карактеристики ќе има непримерно однесување, ќе ја вознемирува околината околу себе и на многу итар начин ќе ги избегнува обврските.

Следна карактеристика на личноста која изгледа има конституционално потекло е емоционалноста. Тоа се однесува на интензитетот на реакцијата предизвикана од емоцијата. Во зависност од емоционалноста како лична карактеристика, учениците ќе имаат различна реакција на одредени фрустрации, од многу бурни реакции до не покажување на било каква реакција.

Кога ја доживуваат фрустрацијата учениците ќе имаат тенденција да реагираат со нивните лични индивидуални карактеристики како што беше погоре опишано. Кај децата со ниска самодоверба кои се екстровертни и се повеќе емоционално реактивни, поизразено ќе биде непримерно однесување. Овие деца се склони да не го прифатат чувството на инфериорност со тоа што ќе бидат „надуени“ па дури и арогантни. Ова се сфаќа како обид да го компензираат нивното чувство на инфериорност. Поинтровертните од друга страна пак, ќе се повлекуваат во ситуации кога тие се наоѓаат во ризик да ја претстават нивната неадекватност. Ако се склони кон прекумерно емоционално реагирање тогаш фрустрираните деца се во состојба да манифестираат анксиозно и нервозно однесување (Lawrence, 2009).

**Важно да запомниме!**

**За да знаеме понатаму во текот на образовниот процес какви техники и методи да употребуваме при подучување или мотивирање на учениците со дислексија, потребно е да го согледаме начинот на однесување на ученикот и да ги препознаеме причините за одреден тип на однесување**

## Самодоверба и училишната концепција

Современата училишна концепција насочена е кон когнитивните аспекти на образованието. Акцентот е ставен на усвојувањето на знаењата, додека социјалната и воспитната компонента воглавно се занемарени. Иако , освен стекнување на знаења, целта на образованието е и создавање на зрели личности кои се во состојба да воспостават добри односи со другите луѓе, тоа никаде не е формално вклучено во наставниот план и програма. Вреднувањето се спроведува по истиот принцип, значи се вреднува исклучиво знаењето, додека останатите карактеристики на ученикот не се оценуваат.

Најголем проблем е тоа што лошиот успех се изедначува со општата вредност на ученикот. Кај учениците се создава мислење ако си лош ученик значи дека си лош човек. Кај учениците кои имаат тешкотии со читањето и пишување, а следствено на тоа покажуваат лош академски успех ретко се забележуваат позитивните особини на самиот ученик кои можат да бидат фактор за подигнување на самодовербата.

Во најголем дел од случаите учениците со дислексија покажуваат лош успех во училиштата, но дали тоа ги прави лоши индивидуи? Нешто што постојано треба да се избегнува е поистоветувањето на успехот со личноста на ученикот. Ова важи за сите ученици, не само за учениците со дислексија.

Сите ние работиме според однапред одредена програма, во веќе воспоставен образовен систем и начела на образование, но токму ние сме тие кои што можеме веќе утврдената програма да ја модифицираме или прилагодиме за правилно да ги изградиме идните генерации.

## ЛЕКЦИЈА 4: Унапредување на самодовербата

Не е толку важно кои сме кога ќе се родиме, туку за што сме охрабрени и што ни е дозволено да станеме. Самодовербата е силна човечка потреба која битно придонесува во животниот процес, неопходна е за здрав и нормален развој, има вредност како средство за преживување. Самодовербата не се зголемува само со наградувањето на децата, туку наградата треба да биде оригинална и соодветна (Fild, 2006). Учениците имаат потреба да им се помогне во развојот на реалистичната слика за себе, а не на нереланата. Наградувањето може да има значајна улога за подобрување на самодовербата, но само ако е тоа заслужено и искрено. Ако децата се наградувани неоправдано тие ќе развијат погрешна слика за себе. Тоа е познато како развој на *погрешна слика за себе*.

Наставниот кадар треба да биде свесен за важноста на детската самодоверба така што на часовите треба да се воспостави атмосфера која ја зголемува самодовербата. Некои училишта дури организираат и програми за зголемување на самодовербата, особено насочени кон оние деца кои се претходно идентификувани со ниска самодоверба. Покрај родителите и наставниците имаат важна улога за развојот на детската самодоверба. Затоа потребна е постојана соработка меѓу родителите и наставниците во насока на подигнување на самодовербата на учениците.

### Како да му помогнете на ученик со ниска самодоверба?

Самопочитта може да има значително влијание врз скоро се што еден ученик го прави - начинот на кој тој се занимава со активности, начинот на кој се справува со предизвиците, начинот на кој тој комуницира со другите. Исто така, може да има изразен ефект врз неговите академски перформанси. Ниската самодоверба може да ја намали желбата на ученикот да учи, неговата способност да се фокусира и подготвеноста да ризикува. Позитивната самодоверба од друга страна е темел за успехот во училиштето и обезбедува цврста основа за учење.

Вашиот предизвик во работата со деца со ниска самодоверба е да им ја вратите вербата во себе, за да тие истрајно да се соочат со академски предизвици. Сепак, не ви треба формална програма за промовирање на самодовербата. Вие секој ден ја обликувате самодовербата во текот на интеракцијата со вашите ученици. Иако не можете да ги научите вашите ученици секогаш да имаат добро мислење за себе, можете да ја негувате нивната самодоверба преку постојан процес на охрабрување и поддршка. Во основа, ова значи да се покаже благодарност за работите што ги прават вашите ученици, и да се изрази увереност дека тие ќе се подобрат во областите каде што не успеале, и притоа да се прилагодуваат инструкции за да можат да искусат успех.

## Што можете да направите?

**1.**Бидете сигурни дека да го фалите ученикот на специфичен и оригинален начин. Учениците со дислексија се експерти за разликување на оригинални и искрени повратни информации од празни и неосновани комплименти. Тие знаат да ги отфрлаат "празните" зборови на пофалби како неискрени, а можеби дури и лажни, но коментарите што сугерираат внимателно ценење за нивната работа ќе бидат значајни за нив. За оваа цел, употребете специфични квалификации или термини со што би му покажале на ученикот што ви се допаѓа во врска со неговата работа или однесување. Дури и ако ученикот бавно напредува, пофалете го за мали чекори на напредокот. Ако чувствувате дека е непријатно да се пофали пред соучениците, кажете му го тоа настрана.

**2.** Покажете му на студентот материјални докази за неговиот напредок. Иако е важно постојано да ја изразувате довербата во способноста на ученикот, можеби вербалните изразувања нема да бидат доволни. Помогнете му да го цени неговото подобрување со укажување на конкретни знаци на неговиот раст. На пример укажувањето на неговиот напредок во читањето (пред две седмици можел да прочита зборови со три букви , а сега веќе без проблем чита зборови со четири букви) ќе има позитивен ефект во градењето на самодовербата . На овој начин ученикот ќе стекне впечаток дека следниот пат ќе има уште поголем напредок. Слично укажување можете да направите , односно да му приложите доказ за остварениот напредок и во однос на пишувањето (Пример: Погледни сега колку е уредна тетратката за разлика од мината година).

**3.** Покажете ги неговите достигнувања пред соучениците. На пример, да прочитате една од успешно завршените работи на ученикот пред целото одделение со силна пофалба за истото. Изложувањето на проектите или некој труд на ученикот на огласна табла ќе го направи да се чувствува горд и вреден. Доколку го посочите ученикот како позитивен пример , да речеме за некој позитивен гест, знаење или однесување што го покажал, ќе придонесете во голема мера за подигнување на мотивацијата и вербата во себе. Ако ученикот со ниска самодоверба има одредено хоби или интерес, предложете му да разговара со часот за тоа. Доколку е потребно, однапред разговарајте со ученикот за да го охрабрите а зборува за тоа и пред соучениците, давајќи му до знаење ќе ја има вашата поддршка.

**4.**Помогнете му на ученикот да се чувствува важен во часот. Би било корисно во насока на подигнување на самодовербата да му дадете одредени работни задачи во училницата или да најдете начини на кои тој може да им помогне на другите. Кажете му на ученикот дека му ја давате оваа одговорност затоа што сте уверени дека може добро да го стори тоа. Неколку примери: нека се грижи за некои одредени активности на часот за што ќе се чувствува одговорен; изберете ученик што има ниска самодоверба да ви направи некоја услуга со што ќе се почувствува, горд , нека ги собере тестовите по завршување на часот , дајте му задача да му помогнете на друг ученик со некој проблем, пратете го да пренесе некоја порака на друга наставничка. Дадените примери нека бидат инспирација за вашите креативни идеи при подигнување на самодовербата кај некои ученици.

**5.**Ангажирајте го ученикот за неговите интереси. Ученикот може да стекне самодоверба од вклучување во активности во кои може да се почувствува успешен. Најдете неколку минути секој ден за да разговарате со него за неговите омилени хоби, спорт, телевизиски програми или музички групи. Доколку е потребно, прашајте ги неговите родители за овие информации да ви дадат основа за разговор со него. Предложете начини на кои тој може да ги следи своите интереси со поголем

интензитет. Можеби ќе донесете книга или или списание од дома поврзани со некој од неговите интереси.

**6.**Помогнете му на ученикот да се справи со неволјите. Ако се сретне со академски тешкотии, помогни му да стане свесен дека неуспехот е нормален дел од учењето и дека секој доживува разочарување или фрустрација во одреден момент. Можеби ако му кажете сопствен пример за некои ваши неуспеси. или за неуспесите на други личности , ќе го мотивирате да размислува за тоа. Не ги негирајте чувствата на ученикот, покажете дека знаете дека не му е лесно и дека имате разбирање, а потоа продолжете да му помагате да развие стратегии за подобрување. Изразете ја вашата доверба, дека со напорна работа и ваша поддршка дека тој веројатно ќе успее.

**7.**Охрабрете чувство на припадност. Студентите со мала самодоверба честопати се изолирани од своите соученици. Изолацијата е нивната најголема болка. Можете да промовирате учество со врсници на ученикот со изнаоѓање начини како да го интегрирате во активности во училиштето или надвор од него. Организирајте активност за група ученици што го вклучува и изолираниот ученик. Обидете се да побарате неколку ученици со чувство на емпатија кои би го прифатиле во нивните игри за време на одморите или би го поканиле заедно да одат да појадуваат.

# Анекс 1 – Тестови за проверка на знаењата

## Тест модул 1: Основи на дислексијата

1. **Во кој период биле првите откривања на дислексијата како појава и почетоците за нејзиното третирање?**

a) 20 Век
b) 21 Век
c) 19 Век
d) 18 Век

2. **Дали натпросечно интелигентен ученик може да има дислексија?**

a) Да
b) Не

3. **Според истражувањата направени во нашата држава, кај колку проценти од средношколците се застапени знаците на дислексија?**

a) 10%
b) 6,4%
c) 12,2%
d) 13,5%

4. **Кои се заеднички карактеристики на учениците со дислексија? (повеќекратен избор)**

a) Креативност
b) Интуиција
c) Компетитивност
d) "Out of the box" размислување

5. **Што претставува дислексијата?**

a) немотивираност
b) потешкотија во читањето поради проблеми со видот
c) болест
d) различно процесирање на пишаниот или говорениот јазик

6. **Што е карактеристично за повеќето лица кои се соочуваат со дислексијата? (повеќекратен избор)**

a) Креативност
b) Мрзеливост
c) Ограничена интелегенција
d) Сликовито размислување

**7. Која мозочна хемисфера е поразвиена кај повеќето дислексичари?**

a) Десната хемисфера

b) Левата хемисфера

**8. Учениците со дислексија најчесто се етикетирани како (повеќекратен избор)**

a) Мрзеливи ученици

b) Ученици кои не се трудат доволно

c) Најдобри ученици во класот

d) Глупави ученици

**9. Дислексијата се јавува како резултат на:**

a) Интелектуална попреченост

b) Социјална класа и ниво

c) Психолошки трауми

d) Генетска предиспозиција

**10. Дали лошото училиште и лошата наставна практика може да предизвика едно дете да има дислексија?**

a) Да

b) Не

## Тест модул 2: Идентификација на дислексијата

**1. Која позитивна карактеристика од наведените одговара за лице со дислексија?**

a) Бавно пишување

b) Живописна имагинација

c) Недоволно развиената интуиција

d) Бавно читање

**2. Кој е првиот чекор при идентификација на дислексијата?**

a) Информирање на родителите

b) Советување со психијатар

c) Примена на генерални стратегии

d) Набљудување и евиденција

**3. Лицата со дислексија најчесто имаат**

a) Просечна или надпросечна интелигенција

b) Потпросечна интелигенција

**4. Каква способност претставува аудитивното распознавање?**

a) Способност да се забележуваат два или повеќе објекти во меѓусебна релација

b) Способност да се слуша музика

c) Способност да се препознае целиот збор
d) Способност да се прави разлика помеѓу одредени звуци

**5. При читање учениците со дислексија се соочуваат со? (Повеќекратен избор)**

a) Бавно читање кое нема флуентност
b) Проблеми со учење на математички факти
c) Заменување или додавање слогови
d) Прескокнување или повторување зборови или редови

**6. Во однос на фонолошката свесност, учениците со дислексија имаат потешкотии со:**

a) Со делењето на зборовите на слогови
b) Распознавање на бои
c) Распознавање на математички операции
d) Пишувањето

**7. При пишување учениците со дислексија може да се соочат со следните проблеми? (повеќекратен избор)**

a) Тешкотии при формирање на буквите
b) Испуштање на интерпукциски знаци
c) Неуредно и неразбирливо пишување
d) Лоши вокални способности

**8. Кога учениците со дислексија имаат проблеми при ориентација, истите се одразуваат преку: (Повеќекратен избор)**

a) Лошо чувство на насока
b) Тешкотии со ориентација во времето
c) Неправилно држење на молив
d) Неуредно и неразбирливо пишување

**9. Доколку не се забележува напредок и покрај примената на генералните стратегии, потребно е?**

a) Детето веднаш да се испрати кај директорот
b) Треба да бидат известени родителите и советувани да побараат дополнтиелна стручна помош
c) Ученикот да работи со специјалниот едукатор на дополнителни часови
d) Да се повика детето на разговор со психологот

**10. Кои се најчестите проблеми при пишување со кои се соочуваат учениците со дислексија? (Повеќекратен избор)**

a) Неопределена доминација на рацете
b) Тешко фаќаат прибелешки
c) Монотонијата на гласот

d) Мешање на големи и мали букви

## Тест модул 3: Техники и алатки за работа со учениците со дислексија

1. **Која од наведените фрази НЕ треба да му се каже на ученик со дислексија? (Повеќекратен избор)**
a) Ајде заедно да ги решиме следните математички задачи
b) Ако се трудиш повеќе, подобро ќе читаш
c) Јас ќе ти помогнам за полесно да ги совладаме тешкотиите во пишувањето
d) Другите деца не треба да знаат за твојата дислексија

2. **Ученикот кој има дислексија треба да седи:**
a) На последна клупа во училницата
b) На клупа која што е најблиску до наставникот
c) Некаде во средина на училницата
d) На магарешка клупа

3. **Дали ученикот со дислексија е потребно постојано да се поттикнува да чита на глас пред целото одделение?**
a) Да
b) Не

4. **Обележувањето на секој ред со креда во различна боја на текст кој е напишан на таблата го:**
a) Олеснува читањето на ученикот со дислексија
b) Отежнува читањето на ученикот со дислексија

5. **Покривањето со лист бела хартија на прашањата на тест кои што не ги одговара во моментот ученикот со дислексија е:**
a) Стратегија која што само ќе го збуни ученикот со дислексија
b) Корисна стратегија

6. **При препишување на текст од табла или пишување на вежби, на учениците со дислексија треба да им оставите:**
a) Дополнително време за пишување
b) Исто време за пишување како и на останатите ученици во класот

7. **Кои од наведените претставуваат техники за читање?(повеќекратен избор)**
a) Техника за детално читање
b) Техника за концепт-мапирање
c) Техника за потрчување низ текстовите
d) Техника за визуелно перцепирање на зборовите

**8. При читање, ученикот со дислексија е корисно да користи:**

a) Бележник за следење на редот на читање (линијар)
b) Букмарк (бележник за страници)

**9. Кој од следните наведени е нај соодветен компјутерски фонт за читање кај учениците со дислексија?**

a) Arial
b) DyslexicFZF
c) Calibri
d) MAC C Times

**10. Кога ги корегираме тестовите и домашните задачи на учениците со дислексија треба да користиме?**

a) Црвено пенкало
b) Зелено пенкало

## Тест модул 4: Психолошка слика на учениците со дислексија

**1. Што најчесто чувствуваат учениците со дислексија? (повеќекратен избор)**

a) Самодоверба
b) Анксиозност
c) Болки во стомакот
d) Гнев

**2. Фрустрациите кај учениците со дислексија произлегуваат од?**

a) Тоа што тие не можат да ги исполнат очекувањата од околината
b) Тоа што тие се перфектни ученици
c) Тоа што постигнуваат подобри резултати од другите ученици
d) Тоа што тие ги исполнуваат сите очекувања на околината

**3. Гневот кај учениците со дислексија се јавува како резултат на?**

a) Фрустрациите од лошиот успех
b) Депресија
c) Лошите социо-економски услови
d) Одличниот успех

**4. Депресијата кај учениците со дислексија е честа компликација како резултат на? (повеќекратен избор)**

a) Лошата слика за себе
b) Фрустрациите

c) Супериорноста
d) Анксиозноста

**5. Учениците со дислексија најчесто манифестираат?**

a) Висока самодоверба
b) Внатрешна самодоверба
c) Ниска самодоверба
d) Надворешна самодоверба

**6. Учениците со дислексија секогаш се екстровертни личности?**

a) Точно
b) Неточно

**7. Учениците со дислексија треба да се наградуваат?**

a) Постојано
b) Кога плачат
c) Кога тоа го заслужиле
d) Само кога ќе добијат 5-ка

**8. Ниската самодоверба може најчесто? (повеќекратен избор)**

a) Да ја намали желбата на ученикот да учи
b) Да ја намали неговата способност да се фокусира
c) Да ја намали неговата одлучност да размислува
d) Да ја намали неговата подготвеноста да ризикува

**9. За ученикот со дислексија е корисно? (повеќекратен избор)**

a) Да му покажете материјални докази за неговиот напредок
b) Да го критикувате гласно пред соучениците
c) Да ги покажете неговите достигнувања пред соучениците
d) Да го седнете во последната клупа

**10. Дали е потребно за ученикот со дислексија да му го охрабрувате чувството на припадност?**

a) Да
b) Не

dys online learning course

www.dyslexiacourses.eu